СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1772/62
14.03.2024 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 40-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 14.03.2024 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 40-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 17 советници. Двајца ни најавија отсуство за кратко, меѓутоа ќе ни се приклучат во текот на самата седница.
Констатирам декаима кворум за работа и Советот може полноважно да одлучувапо предложениот дневен ред за денешната седница.

На денешната седница доставен е и Записникот од 39-тата седницана Советот на Општина Кавадарци одржана на 22.02.2024 година;

Ве молам дали има забелешки по Записникот на39-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување за Записникот од претходната седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен Записникот од претходната седница на Советот на Општина Кавадарци, 39 –та на број.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред и тоа :

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2023 година;
3. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
4. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
5. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци ;

6. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци|;
7. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;
8. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;
9. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;
10. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2023 година;
11. Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;
12. Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;
13. Извештај за извршена самоевалуација на ООМБУ„Лазо Мицев - Рале „ Кавадарци за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација;
14. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
15. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;
16. Годишна сметкана ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов - Климе„Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;
17. Годишен Извештај за работа на 2023 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
18. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
19. Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;
20. Годишна сметка за 2023 година на Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930 АД Кавадарци;
21. Годишна сметка за 2023 година на АД ГРК Тиквеш 2014 година
22. Годишен Извештај за работа на 2023 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци,донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

23. Годишна сметка и финансиски извештај на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
24. Годишен Извештај за работа за 2023 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
25. Годишен Извештај за работа за 2023 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2023 година
26. Годишна сметка на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
27. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата;
28. Годишна сметка на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци донесена од УО на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
29. Годишен Извештај за работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;
30. Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;
31. Годишен Извештај за работата наГрадска винотека ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година , донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;
32. Годишна сметка на наГрадска винотека ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година , донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;
33. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, без надомест дел од објект ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци;
34. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Анекс договор за уредување на начинот на плакање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и взаемните односи за изградба на станбени згради врз основа на извод од Урбанистички План со намена А2-домување во станбени згради, склучен помегу Општина Кавадарци и правното лице ТПТУ ИГМ-ТРЕЈД Илија и други ДОО Кавадарци;

Точка 35 СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД, понатаму редоследно се менува бројот на точките.

35. Предлог-Одлука за давање Стручен Наод и мислење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„

Кавадарци за спроведување на постапката за изградба на ски патека и ски лифтсо пропратни објекти, јужно до детско одмаралиште Михајлово КО Конопиште;

36. Предлог-Одлука за давање согласност на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за неплакање парична компензација за спроведување на постапката за изградба на ски патека и ски лифт со пропратни објекти;
37. Предлог-Одлука за неусогласување на намената на бесправен објект со намената на земјиштето на кое е изграден истиот;
38. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2024 година;
39. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина кавадарци за 2024 година;
40. Предлог-Одлука за распределбафинансиски средства по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти по приоритетни области;
41. Барање за отуѓување на ситен инвертар на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;
42. Барање за согланост за отуѓување на ствари од ЈОУ Локален Музеј галерија Кавадарци, донесено од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј галерија Кавадарци;
43. Годишен План за вработување за 2025 година на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;
44. Годишен План за вработување за 2025 година на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа, донесен од директорот на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа;
45. Барање за согласност за давање донација на огревни drва, донесено од Училишен Одбор на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа;
46. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година(РТК);
47. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;
48. Предлог-Одлука за примање донација – Основни проекти за изградба на нова електрична нисконапонска инсталација од Друштво за проектирање, трговија и услуги "ИМПЕРА ПЛУС ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје;
49. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра метални столбови за тротоар од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

50. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство на текстил и текстилни производи, трговија и услуги "КОМФИ-АНГЕЛ" увоз-извоз Прилеп ДОО;
51. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред и тоа: Наративен и финансиски Извештај по Програмата Св„Трифун 2024„ Недела на вино и традиција, со арх.бр.08-797/5 од 07.03.2024 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за.Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Акционерско друштво за производство и промет на вино "ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ" експорт-импорт АД – Кавадарци.

Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Друштво за производство, трговија и услуги ДИ-БОР БОШЕВИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес и барам оваа точка дали ќе се ставе на денешниот дневен ред. Кој е за.Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за денешната седница предлагам дополнувањеи тоа:

Годишна сметка за 2023 година, на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци донесено од Управен Одбор на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:Барање за добивање согласност за расходување,отуѓување на ситен инвентар и материјаи, донесено од Управен Одбор на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци.Кој е за. Едногласно.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоаПредлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на дневен ред .Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

Предлог-Одлука за утврдување на изглед на фасади во централно градско подрачје;

Отварам претрес. Кој е за оваа точка да се најде на денешниот дневен ред. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа:

Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2024 година.

Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа:

Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Друштво за производство, трговија и услуги "ФЕР МЕБЕЛ -ДИЗАЈН" ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци.

Кој е за.

Со тоа дали има и други предлози за измена и дополнување на вака изменетиот досегашен дневен ред. Бидејќи нема, целокупниот вака изменет дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

Со тоа пристапуваме кон реализација на денешниот Дневен ред и тоа е првата точка од денешниот дневен ред. Тоа е:

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Почитувани советници отварам претрес по првата точка од денешниот дневен ред на 40-та на Советот на Општина Кавадарци. Кој е за дискусија. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Претседавач на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми и јавност. Пред е нас е Годишната сметка за Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година. Од податоците што ни се дадени за разгледување за остварувањето на вкупните приходи во годишната сметка во општинскиот буџет се реализирани 83, 47 % и за овој процент можам да истакнам дека овој процент може да покаже финансиска стабилност. Извршената реализација од 83,47 % може да се разгледа како показател за финансиска стабилност на Општината и треба да се направи детална анализа кои сегменти на буџетот имаат највисокстепен на реализација, како и кој можеби се извори на забава или пречка за реализација на останатите делови. Треба да се истакне дека редовните буџетски приходи се реализирани со процентот 71,84 %. Приходите од наменска дотација со процент од 98,30 %, приходи од самофинансирачки активности со процент од 65, 05% и приходите од донации со процент од 55, 12%. Од приложените податоци видливо е дека процентот на реализацијата на неданочните приходи е само 26,0%, односно од планираните 164 000 000 денари реализирани се само 42 990 000 денари. Капиталните приходи се реализирани со процент 58,45 %, односно од планираните 68 368 000 денари реализирани се 39 960 000 денари. Во однос на приходите треба на советниците и на јавноста да им се образложи најнискиот степен на реализација, да се најде каде е и да се објаснат причините за таквата реализација. Треба да се објаснат и пречките и предизвиците што влијаат на ваквата реализација, како и дали има недостатоци на ресурси или непредвидени трошоци кои што влијаеле на ваквата реализација. Важно е да се разгледа и ефикасноста на управувањето на финансиите во Општина Кавадарци. Треба да истакниме дека и буџетот е управуван соодветно, дали е управуван соодветно и дали се почитувани финансиските процедури и правила. Вкупната реализација на капиталните расходи е 56,,31 % и овој процент предизвикува и предизвик, но и како можност да се провери и анализира состојбата и на дополнителните активности кои може да се превземат за да се подобри овој резултат. Врз основа на моите анализи што ги правев и можам да издвојам некои од нив. Важно е да се образложат причините за ниската реализација, дали проблемот е во недостиг на финансиски средства, дали е во лошото планирање или е во лошо извршување на проектите. Идентификувањето на причините ќе ни овозможе да се направе подетална анализа и да се најдат решенија за таквите грешки да не се повторат при реализацијата

на буџетот за 2024 година. Откако ќе се образложат и ќе се најдат причините за ниската реализација потребно е да ги разгледаме сите капитални инвестиции и да ги анализираме нивните реализации. Дали постојат проекти и кои се тие проекти што се забавени или привремено прекинати, дали има потреба од промена на плановите за инвестиции. Ние добро се сеќаме што имаше предвидено како капитални инвестиции за 2023 година и точно се знае кои воопшто не се отпочнати и кои се забавени и треба да се образложе тоа. Многу е важно да се комуницира и со заинтересираните странки, вклучувајќи ја и јавноста, ни сме тука да го образложиме тоа за да се добие подршка и соработка за реализирањето на капиталните инвестиции, да се обезбеди и отворена комуникација за состојбата за проектите што не се реализирани и за причината за забавената реализација. Врз основа на анализата на ваквата состојба, предлагам да се разработат планови и мерки за подобрување на реализацијата на капиталните инвестиции за оваа 2024 година, да се усвојат конкретни мерки и да се подобри управувањето со проектите и да се осигураме дека ќе имаме поголема ефикасност и реализација. За подобрување на реализацијата на капиталните иневестиции во Општината важно е да се донесат определени планови и мерки кои ќе помогнат за подобрување на ваквата состојба. Јас ќе дадам неколку предлози. Би сакал да се изврши детален преглед и анализа на сите капитални проекти, кои се во тек, биле забавени, не се отпочнати со реализација или се планираат да се идентификуваат пречките и проблемите што влијаат за реализација на овие проекти. Второ треба да бидиме сигурни дека плановите за капиталните инвестиции се реални и детални со јасно дефинирани цели, ресурси и временски рамки. Би сакал да се имплементира ефикасен систем за управување на проектите за следење и напредок и да се идентификуваат проблемите уште во раната фаза, потрено е да се истражат и да се идентификуваат дополнителните финансиски извори за подршка на капиталните инвестиции. Ова може да вклучува апликации за грантови, донаторски финансии и јавно приватно партнерство или други механизми за финансирање кои што се неопходни за добивање на поголем приход во општините и реализирање на капиталните инвестиции. Ако е потребно да се инвестира и во обука и развој на вработените во општинската администрација и другите релевантни стручњаци за да се подобри нивната способност за планирање, управување и имплементација на капиталните проекти. Потребно е да се обезбеди отвореност и учество на граѓаните и заинтересираните страни во процесот на планирање и имплементација на капиталните инвестиции, треба да се овозможи тие да даваат фидбек и да учествуваат во мониторингот на овие проекти. Ова се само неколку од мерките што може да се разгледаат за подобрување на реализацијата на капиталните инвестиции во Општината во текот на 2024 година и важно е да се разгледаат специфичните проблеми и околности на Општината за да се

одберат неопходните мерки за подобрување на ваквиот резултат. Се надевам дека во 2024 година реализацијата ќе биде и над 120% како што реков на Св. Трифун тука кога си честитавме.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, присутни, директори на институциите. Како прва точка на денешниот Дневен ред ја имаме Годишната сметка на буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година и јас слушајќи го колегата, слушајќи ја неговата дискусија како да Општина Кавадарци е една од најнедобрите општини во Р. Македонија, а уствари Општина Кавадарци е најдобрата општина во Македонија и земајќи во предвид дека ако имаме реализација на капитални приходи, капитални расходи од 56% во споредба со централната, со капиталните расходи во централната власт од 26% итекако имаме успешна реализација на буџетот на Општина Кавадарци, но јас само би ги спомнал даночните приходи од Годишната сметка на буџетот кои што се реализирани во процент од 92%, односно реализирани се во износ од 230 385 774 денари од планираните 249 925 000 денара. Тоа значи дека нашите сограѓани од Општина Кавадарци се совесни граѓани, си ги плаќат навремено даноците за да може Општина Кавадарци да се развива и да се реализират проектите кои што се предвидени со буџетот на Општината за тековната година. Исто така би ги спомнал и субвенциите и трансферите кои што се во висок процент реализирани од 77%, односно реализација од 89 218 707 денари во однос на планираните 114 941 000 денари. Исто така тука би ги спомнал и социјалните бенефиции кои што се во реализација во износ од 5 409 816 денари во однос на планираните 6 080 000 денари или изразени во процент од 88, 98 %. Исто така сакам да ги спомнам и од Програмата за Локален економски развој, односно Програмата Л0 Спорт и рекреација кои што се исто така во висок процент реализирани, односно во процент од 87, 55% или се од планираните 31 000 000 денара реализирани се 27 141 500 денара, така да лично сметам дека оваа Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година има итекако позитивни бројки и проценти со тоа што позади нас имаме уште една успешна година за развојот на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Градоначалник, Претседател на Совет, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Пред нас денеска е Годишната сметка на буџетот на Општина Кавадарци, која што во суштина претставува сумарно низ бројки она што сме работеле во изминатата 2023 година као Општина. Во однос на приходите ако направиме анализа на приходите ќе видиме дека од оние приходи кои што треба да ги собира Општината, односно од основниот буџет на Општината немаме големо потфрлање само како даночните приходи, кај сите други останати приходи имаме сериозни потфрлања. Кај неданочните приходи од 112 000 000 имаме реализација на 9 000 000, односно 8%. Ако го земиме првичниот планиран износ од 159 000 000 реализацијата на оваа категорија на приход изнесува некаде 5% и ова е

заради тоа што планираме приходи од јавните претпријатија, а 90% од јавните претпријатија кои што се основани од страна на Општина Кавадарци се во загуба. Кај капиталните приходи исто така имаме потфрлање од 68 000 000 имаме реализација на 39 000 000, односно 58% од првичното планирано, односно од буџетот планиран за 2023 година од 74%, 39 000 000 имаме реализација односно тогаш реализацијата паѓа негде околу 54%. Во однос на дотациите имаме најголема реализација и во однос на наменските дотации во однос на она што претставува дотација по однос на приход кој што го добива Општината во однос на приходот од данокот на додадена вредност. Ако ги погледниме расходите од друга страна ќе видеме дека најголем дел од расходите ни одат за плати, 92 000 000, заедно со привремените вработувања негде сумата излева околу 120 000 000 денари, односно иста сума колку што изнесуваат капиталните расходи за оваа година кај што имаме сериозно потфрлање. Од 246 000 000 планирани првично, намалени со ребалансот на 232 имаме реализација само од 125 000 000, односно реализација од 53%. Во однос на ребалансот на буџетот, а и реализација од околу 50% во однос на она што било првично планирано. Ако ја погледниме како се распределени капиталните расходи ќе видиме дека во однос на градежни објекти, улици, патишта и слично имаме само 87 000 000 денари, другиот износ 125 се однесува на машини, опрема, нематеријални средства и слично. Ако погледниме како се движи долгот на Општина Кавадарци и таму не ни е баш сјајна работата. Кај долгорочни кредити и заемеи имаме вкупно 174 000 000 денара, 47 000 000 денара по однос на кредит од Министерство, позајмица, односно кредит од Министерство за финансии и друг долгорочен кредит од Комерцијална Банка каде што изнесува 112 000 000 и 14 000 000 обврска по однос на камата или вкупно за кредити имаме 174 000 000 денара. Ако ги погледниме краткорочните обврски према добавувачите во земјата 170 000 000 изнесува севкупно ако го тргниме износот на оние дотации кои што Општината ги дава како субвенција на јавните претпријатија, тука влегуваат добавувачи во земјата 64 000 000, повеќегодишни обврски 87 000 000, експропријација 9 000 000 денари, спортски клубови, сеуште немаме исплатено финансиски средства до спортските клубовии правевте како Општина анекси на спортските клубови, не им ги исплативте уште финансиските средства од минатата година во износ од 4 000 000 и по однос на разни други одлуки на Совет, решенија, долгови према здруженија на граѓани и слично. Значи вкупно целиот долг ако го собереме на Општината изнесува негде 345 000 000 денари кои што ако го направите споредба во однос на вкупните приходи од основниот буџет кој што изнесува негде 420 000 000 изнесува некаде 82% односно веќе скоро колку еден основен буџет на Општина Кавадарци ни изнесува долгот, при што сметам дека на еден среден рок се доведуваме во ситуација да ако продолжиме со ваква тенденција да ја донесеме Општината да биде презадолжена. Во однос на она што претставува капитален момент спомна колегата 25% изнесувале

капиталните инвестиции на централната власт, јас ги извадив и ќе ти ги прочитам по министерства, реализација на капитални расходи по министерства Министерство за транспорт и врски 99%, Министерство за одбрана 94%, Министерство за правда 93%, Министерство за финансии 93%, МТСП 89%, Министерство за економија 86%, Министерство за земјоделство 83%, МОН 83%, Министерство за животна средина 82%, МВР 82%. Немате министерство кое што има помала реализација, ми се чине само Министерство за Локална Самоуправа има најниска реализација која што е под 50%, немате министерство кое што има под 90 % реализација на капитални трошоци, а овде имаме реализација од едвај 50% на капиталните инвестиции. Ако направите споредба во капитални расходи на централниот буџет влегуваат и отините колега, за твоја информација. Ако направиме споредба во однос на она што сте го ветувале како изборна програма ќе видиме дека голем дел од работите не само што ги немате завршено, туку ги немате почнато, мини зоолошка градина, велосипедско пешачка патека Западен Булевар Дрекслермајер, подземен пешачки премин Западен Булевар, затварање на улица Илинденска од плоштад до Стара автобуска станица, заобиколница, прочистителна станица, дестилерија, доопремување на Спортски Центар Јасмин при што вклучува поставување на трим подлога со атлетска патека, реконструкција на фудбалски терен, обнова на тревна површина, поставување на систем за наводнување, изградба на трибини, обнова на постоечки баскет игралишта и изградба на нови, изградба на куглана, изградба на сместувачки капацитет, изградба на трим патека со фитнес справи, адреналински парк, картинг центар, 3Д кино. Ако ги погледнете клучните капитални инвестиции кои што ветувале и Градоначалник и советничката група на ВМРО ДПМНЕ, половина од овие не се ни започнати. Толку за капиталните инвестиции за тоа колку добро Општината функционира и работи.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, администрација и почитувана јавност. 2023 година и покрај тешкотиите со кои многу тешко централната власт се справи во делот на економијата и инфлацијата, а покрај тоа политички, популистички на два пати со закон ги подигна плативе од по 10%, Општина Кавадарци добро го следеше трендот на да ги наречам т.н. манипулации во делот на популизмот и добро се справи со целата ситуација. Зборувате цело време тука за блок дотации, да му објасниме на граѓаните што значат тие блок дотации. Ништо друго освен плати. И тоа нема да го исполне централната власт. 99% исполнети блок дотации. Па тоа се плати за образовниот систем, тоа е плата за градинките, тоа е плата за пожарникарите, тоа е плата за оние што ги дава блок дотации. Значи нема ништо од тие блок дотации капитално, него плата. Е фала ви што дадовте пари за плата за образовниот систем, учебници уште неиштампавте, ама барем плата добивме како образовен систем. Во она Вуко што го спомна неотпочнати проекти да не ја манипулираме јавноста, зоолошката градина не е иземена имаме уште цели 2 години за

работа, не заборавај и ќе ја ставиме на листа по завршување на отпочнувањето на Старечкиот Дом, значи таму има приоритет и како партија и како советници и како администрација на отпочнување на Старечки Дом, па после започнување на зоолошка градина, мислам дека е приоритетно. Во делот на заобиколницата пак да не ја манипулираме јавноста, заобиколницата е на регионален пат кај што вие како Влада не можете да се справите со вашите партнери од ДУИ да ги убедите дека во Источна Македонија и Централна Македонија дадат 2 денара за проектирање на заобиколница. Нема. Немате гласна жица таму. Готово. Нула. Катастрофа. Исто не спомна Мрежичко, Мајден патот каде што манипулираа, отидоа се исликавте, наместо да го завршите, пола го завршивте, требеше 4 км, 2, а пари за 4, ама ви кажува вас некој со друго име и презиме што јас не можам да го разберам. Прочистителна станица не може Општина Кавадарци да направе Прочистителна станица и нема да направе и пишува убаво во Програмата дека ќе аплицираме за таа прочистителна станица. Град Скопје добива 110 000 000 евра за прочистителна станица, ниедна општина не изградила сама прочистителна станица и аплицираме и сме влезени во фаза на апликацијата, дестилана и дестилерија, да, аплициравме, проект дадовме, 3 години го имавте проектот и Јасмин е влезена во Програмата на Агенција за млади и спорт, ама сите пари од Агенцијата за млади и спорт со последниот ребаланс ги ребалансиравте, наместо 12 000 000 евра да има Агенцијата за млади и спорт, сега има 6, 6 000 000 евра ги однесовте на друго конто. Каде ќе си провериш во централната власт. Картингот не е откажана работа, проектот се работе, за жал испадна некаква ситуација како некаков вид на археолошко подрачје и треба да се доиспита тоа во месец март со првото разубавување на времето и на почвата, да не биде мокра и мислам ќе се отпочне со изградба на тој картинг и подземниот подвожњак кој што го спомна тој е завршен. Со укажување на СВР Велес и со нашите сообраќајни проекти дека нема да биде потребен надвожњак, него испадна семафорско решение,тоа е на Бел Камен, кај капелата со спуштање на луѓето накај Вишешница улицата, така да во принцип во тие проекти не е ништо изоставено, а многу други што не се спомнати и во Програма се завршени. Би ги спомнал неколку работи кои што зборуваме како капитални објекти. Општина Кавадарци има отпочнато 4 спортски сали, 100 000 000 денара. Да, не се завршени, бевме ги презентиравме, ги видовме во Сопот, видовме во Марена, видовме во Возарци и сега се почнува за Дреново. 4 спортски сали, ако не значат ништо со наши сопствени средства, не знам кој некој повеќе направил од тоа. Градинка во Дреново завршена, тендерирана во село Сопот, за 4 месеци ќе биде завршена. Спортот ми го спомна, тука кај што сме најаки не не тепај. Значи спортот како што е сега во Општина Кавадарци никогаш не бил. Еве вака ќе ти кажам. Прв е Струга Дрим Тим, втор е Шкупи, трет е Шкендија и едно македонско име четврт е Тиквеш, во фудбалот. И пак ли сме слаби бе. Те молам провери го и тоа. Исто и во ракометот.

Исто во кошарката. И во индивидуални спортови. Булевари. Завршени комплетно. Со ситуации влезени во 24-та Лазо Асијата, тија бил херој некој, по него и булеварот е ставен. Комплетно завршена улица, пробиена, нова. Западен Булевар е во втора фаза. И 25-ти Мај. 10 години такво нешто нема направено во Кавадарци. Ние го завршивме за година дена. Како не го гледате тоа, не можам да сфатам. Зеленило и паркови. Секојдневно подигање. 160 000 м2 во моментот имаме зеленило и паркови, наспроти 17 000 м2 2017 година. Оброк за секое дете. Она што викаш ти баничката. Пожарна станица. Најдобра во Р. Македонија територијална. Најдобра, со најмногу опрема, со доопремена, со 30 пожарникари и можат да одговорат на секој предизвик. Јавен превоз. За 35 денара се возе секоједен граѓанин. Од секој дел во Општина Кавадарци и од Фариш и од Дреново и од Возарци, коофинансирано од Општина Кавадарци . Кофинансирано. Тоа се пари . Паркинзи. На сите села над 3 км. дозволивме да имат годишна карта од 800 денара. Што да направиме повеќе. Имаме симболични цени и функционира. И ќе функционира. Комуналец. загубар, загубар. Добро. Ќе каже крајот. Воопшто не е загубар. Ниеден ден Кавадарци не е без водоснабдување. Ниеден ден Општина Кавадарци не е да изоставе со износ на комунален смет, ка што го оставивте Скопје да се смрди како главен град, метропола, 10 дена да не исфрлате ѓубре и со возен парк во просечна старост на возилата од 4,5 до 5 години. Што треба да биде повеќе. Не можам да сфанам. Грант 2,3 000 000 евра комплетно реализиран преку ЈП Комуналец. Да грантот ни го дадоа, меѓутоа потрошивме и многу сопствени ресурси спроведувајќи го грантот. Од Видео Смилевски до Новата Болница, незамислива работа. 1 000 000 евра се праве кејот, кај што немаше никаква регулација на речното корито. Со 100 м. кеј свадба правеа, 900 м. сега градиме кеј комплетен, не било ништо. Добро. Ништо не е. Села и приградски населби. Ниедно село не изоставено од ништо. Од ништо. Од износ на смет, до зимска служба, до улично осветлување, до канализација, до проектирање, до коцки. 6000 м2 лани ставивме коцки по села. Асфалтирање. Еве ги сега ги отпочнуваме накај Клиново или на кај сакаш кажи го Блашница, Бохула. Тоа се сериозни работи кои што треба да ги цениме. Пешачката патека ми ја кажуваш. Тендерирана е и се работи. Програмата ми ја читаш, да, ековме во 4 годишен мандат завршуваме. Домот за деца го заборавивте со попреченост, некња бевме. Стационарот вчера го завршивме комплетно, после изборите ќе го пуштиме. Не е воопшто малку. Пред да преминам на кредити и обврски 35 000 000 денара дава Општина Кавадарци за спорт. 35 000 000 денара. 2017 2,5 000 000 денара. Има тука живи луѓе што биле советници и тогаш, нека ви кажат , плус сите спортски објекти. Партизан е реновиран претходно, Јасмин фунционира, Тиквеш фудбалскиот терен функцонира, во Дреново е во завршна фаза изградбата. Во Ваташа ќе се пристапи кон реконструирање на фудбалското игралиште, Глишиќ се заврши. 22 катчиња за деца направиме во 22 населби, од кои што 7 селски,28 000

000 денара. Прекрасни, по сите стандарди. Помош за невладин сектор 3 000 000 денара. Помош за винариите од 1 200 000 800 000 за дестилерии. Никогаш не го имало тоа. Помош за земјоделците 25 мерни станици поставивме. Кошта. Поставувањето кошта, и кошта сега 300 000 денара одржувањето. Интернет, мрежа, софтвер, укажување, читање на податоци итн. Новороденче помагаме. Талентиран ученик помагаме. Првоодделенче помагаме. Не прецизирам со бројки, ги знаете бројките, ги гласавте вие. И мислам дека ниеден не е одбиен од Општина Кавадарци во однос на она што треба да го направиме. Ако беше срамно да кажиме пред 3 години дека во т.н. Коњски Дупки немаше канализација, пред повеќе од 100 семејства не беа вклучени на канализација, сега ние градиме и канализација до Моклиште, над Моклиште градиме канализација. Тоа не е за потценување воопшто Брушани и брушански села се нови приклучоци. Сега Дабниште и Ресава ќе добијат комплетно нова канализација од 20 000 000 денара. Дај да гледаме малку реално на сето ова. Не заради мене, општо. Општо заради луѓето. Доста таа параноја Нема ништо, ништо не се работе, ништо не се граде, вака било, така било. Кредити и обврски. Извади ги 2017, извади ги 2023 и 2024. Се е во законски дозволен грант. Да прва влада сте што донесивте закон колку смее да се направе буџет. Колку смее да се задолже Општината и тоа е за мене за почит, затоа што правеа претходно нереални буџети. Овие буџети што ги правевме ние се тригодишен просек плус 15% за развоен буџет. Не ми дават мене 50% развоен буџет да направам, со законот е усогласенои не сме надвор од законските рамки и најмалку сме презадолжена општина или задолжена општина. Таа карта не ви мине. Во делот на пешачки патеки, Глишиќ, Марена тендерирана и до Дрекслермаjер се праве проектот и ќе размислиме дали ќе ја распишиме до Дрекслермајерот затоа што одиме на проекција на трета лента од Кавадарци до Росоман, како експресен пат да се направ и можеби е попаметна работа и таа ќе ја дискутираме јавно, нема што да ја криеме од било кој. Имаш Вински Музеј. Имаш винотека. Имате точка понатаму давање на уште една просторија на Винскиот Музеј за Винотека за нашите семејни винарии да ги развиваме, бесплатно. Кошта да. Сето тоа кошта. На 12-те Другари изградивме бисти, направивме Спомен соба, на кружниот тек се праве Спомен обележије за Сашо Гешовски. Не измислуваме топла вода него работиме во насоките на тоа граѓаните што го очекуваат и да не зборувам за атмосферски канализации, за канализации, за водовод, за улици, асфалтирање, пошто мене не ми е интерсно веќе да го зборам тоа, искрено да ти кажам. Нека го зборат граѓаните и нека ценат и нека кажат најдобро они како било и како е сега. Секоједен што иде кај нас се восхитува, вас како да ви е не знам како да не ви е по ќеиф. Тоа што е добро, добро е. Тоа што е лошо е лошо. Во делот на развојниот буџет кој што го носе Општина Кавадарци, го носиме заеднички и најголема мака имам јас како Градоначалник заедно со службите затоа што јас барам 10, они дават 6 за да се усогласат со

закони, ние у тие 6 –те треба да вклопиме она што го барат граѓаните. Крај нема да има оваа работа. Имаме сега 500 проекти, ќе завршиме 499, уште 500 ќе се родат, имаме 1000 проблеми, ќе решиме 900, па уште 900 нови проблеми ќе дојдат. И така тоа ќе си движе и после мене и после тебе и после секој така да само да оде во некој правец на повисоко ниво. Кредитот ми го спомнуваш. Да кредитот е самоодржлив од ЈП Комуналец. Направи анализа и види колку беа приходите од пазарот пред да го изградиме новиот пазар и колку се приходите сега од пазарот по изградување на новиот пазар. Еве ќе ти кажам паушално. 2 000 000 денара паушално имавме приход од пазарот, сега имаме над 4,5 000 000 денара годишен приход од градскиот пазар. Прометот на градскиот пазар е тројно зголемен во делот на пазарење, него пред тоа што не личеше на ништо. Од 43-та година некаква импровизација. Ни фотопанели ставивме, централа изградивме, размислуваме да купиме 60 возила електрични за таксистите, рачунаме да одиме напред како Општина со 10 чекори. Вие не напнавте како да сега ќе почниме, па на крајот Јован па ќе ги едуцирал и администрацијата. Вие сите стручни луѓе се тука. Со над 30 години искуство што ќе ја едуцираш на пр. Цанка, како ќе ја едуцираш, кога она пописмена е финансово од тебе. Дај ве молам кога се изразувате, едукација да направиме.Која едукација да ја направите. ИПАРД Програма. Каква е таа ИПАРД Програма. Кај да ја аплицираме незнам. Нема ништо човек. Држава немаш разбираш. Сега да се запале Кавадарци цело да горе, нема кај да се јавиш, а не пак ИПАРД Програма да направиш да функционира. И на крај во делот на Локалната Самоуправа за неполни 2 години или 2 години од сега ќе има локални избори. Секој од вас што има амбиции ќе има можност да се кандидира, а јас ако одлучам и видам светла точка у еден од вас јас ќе се тргнам, вас ќе ве подржам. Еве сериозно ти кажувам на говорница. Ама не вака, вака не ти давам ти општина да водиш. Нема шанси. Не се воде вака општина. Конкретно јасно и гласно ќе кажиш . Во ист момент во време на еден градоначалник кога беше градоначалникот опструиран од Советот за жал да не се граде градскиот плоштад се пренаменија парите за отпочнување на градскиот кеј и градскиот плоштад остана хендикепиран до ден денеска. Немој тоа да го правите на штета на граѓаните. За жал тогаш беше така, досега мислам дека таква штета немаме направено, еве и со ваше разбирање и со мнозинство за сите мислам дека движиме во прав правец за да тоа што е потреба на граѓаните да го овозможиме. Нема сегмент во Општина Кавадарци кај што Општина Кавадарци се нема заземено, нема сектор, нема одделение, нема ништо што не функционира. Кажи ми еден, еве речи не функционира комуналната изградба, не функционира одделение за сообраќај, сообраќајни решенија нови, за секоја улица сообраќаен проект направено, семафорски 5 решенија, 7 кружни текови нови изградени, одбележани пешачки. Каде тоа ние не функционираме не разбирам. 80% или 75 било малку реализација. Воопшто не е малку. Јован вика 120 % дај Боже, дај Боже,

меѓутоа ваа година ќе ни биде послаба, изборна година, ние сме замрзнати, мраз, н е можеш да движиш, се движиш во некој колосек со Антикорупциска, со укажувања и со насоки и насоките знаеш какви се. Не е пожелно тоа да го правите, не е пожелно ова да го правите. Никој не пише на ливче што треба. Овие избори додека не завршат ние тоа што е отпочнато го работиме, сега не можеме да се сликаме. Ќе се разлабавиш од мене. Јас не можам да се досликам од проекти нели гледаш. Секоја ден на проект сум. Вашите градоначалници или министри имат, на еден му извадиле прекар екибана, освен на денови на патрони и други работи, друго нема реализирано човекот. Не знам за каде е, става само екибани, ни проекти правиме, отвараме сериозни објекти и пак ќе ви кажам држите се до големото Старечкиот Дом да го изградиме, заолошката сама ќе дојде, да ја направием градинката во Дреново и да го топлифицираме Кавадарци. Тоа е големата слика. Заобиколницата утре да ги имаме парите на сметка ние не можеме да ја почниме да ја работиме. Никако.Тоа е регионална. Никако не може. Ниту пак можеме такви пари да трошиме. Дај да се избоксуваме постизборно Кавадарци Дисан да го направиме патот, проекти се е завршено. Пак ни треба согласност од Министерство и другите институции. Значи во делот на функционирањето на Општината јас нема да бидам самокритичен. Значи ќе кажам дека функционира како никогаш досега, вработените во Општината се одговорни и во сите други ЈП –ја се во некој колосек кој што имаме динамика на изработка . За жал ако се земиме репер во државата на кое ниво се другите општини и на кое ниво се другите ЈП-ја треба ние да се радуваме сите што живееме во Општина Кавадарци. Видовте во Струга колку се покачи водата.У Дебар. Во Прилеп. Над 40%.Над 50%. Тоа не ви одговара да го правите муабет. Јас оставам на службите доколку имат нешто да додадат и да кажат, а оној нереализиран момент јас ќе го кажам и од говорница дека е така, тие 120, 130 000 000 што ги влечиме од ЈП Комуналец, што ги спомна и Јован како добивка нели за да ги реализира, тие ни се само малку поголем простор да може да проектираме и менаџираме и знаеме дека не можеме да ги земиме, али тоа е проектирање и менаџирање на самиот буџет, нас ни е јасно дека нема да земиме од ЈП Комуналец кога ние треба да дадиме,меѓутоа оставаме простор на проектирање на буџетирање, го имаме тој благодет зошто да не го искористиме, не да го злоупотребиме. Да го искористиме. Не наплаќаме комуналии во најскапиот дел, извини односно износ на смет во најскапиот дел каде што кошта најмногу. На ваше барање беше, на Јован кој што го почитувам како барање дека во руралните средини не треба да се наплаќа износ на смет . Не го наплаќаме, односно го наплаќаме. Општината го плаќа за тие граѓани. Комуналец си наплаќа, кај нас фактурира и врз основа на таа фактура ние си плаќаме. Во делот на спортските клубови точно е, подзакаснавме, ќе ги исплатиме до крај на март ќе ги исплатиме. Еве контактираме со нив, му го укажуваме тоа, ќе ги исплатиме до крај на март сите клубови

од 23-та година, не само од 23-та, ние веќе имаме пуштено над 6 000 000 денара и за 24-та година за клубови кои што се неопходни во делот на отпочнување на сезоната. Селективниот пристап воопшто не е селективен, затоа што немам јас мој клуб, ниту ти имаш твој клуб, колку што знам, него даваме предност таму кај што е најнеопходно, значи таму кај што треба да се исплатат лиценците, сите работи, до крај на март ќе бидат чисти. Значи селективен пристап нема, со сите менаџираме и му укажуваме дека до крај на март ќе бидат очистени и тоа се многу, многу мали пари. Во делот на експропријацијата како бре Вуко ако не се гради во Општина Кавадарци и ако не се градат нови улици и нови булевари, како ние имаме долг 9 000 000 денара за експропријација. Што си купивме. Што купивме. Тие 9 000 000 денара произлегуваат од експроприрање на земјиште на нови улици и патишта. 30 000 000 денари, мислам дека 40 000 000 беа, не ме фаќајте за збор, ако Ленча знае поточно за 2 години исплативме експропријација на земјиште, 40 000 000. Тоа сето е по квадрат исплатено за нови улици, патишта, булевари итн. И на крајот од денот ние толку можеме. Со две раци, со една глава и со ваа администрација која што ја имаме тука толку можеме, ако можете повеќе ќе си направите програма за 2 години, реална и ако ви веруват граѓаните ќе ве изгласат, али со оглед на воа што направивте на централна власт ка што не ви веруват ич, не верувам дека и тука ќе ви веруват, ама сепак граѓаните го имат последниот збор и тоа го почитуваме, си ги почитуваме сите урбани заедници, месни заедници, си го почитуваме она што значи одговорност према граѓаните, отворена општина со отворена врата, топла вода нема да измислиме, меѓутоа ќе се потрудиме да му ги на сите оние основни, не права, него основни потреби да ги има, да функционират. И уште еден податок само. Од 4000 единични светилни места, Општина Кавадарци ги има 7500. Јас би ја замолил Цанка, еве и Тони е тука да ми го извади капиталот на Општина Кавадарци во 2017 година, капиталот и да го извади капиталот во 2024 на почеток Ако не е 5 пати зголемен капиталот на Општината утредента си одам. 5 пати зголемен капитал на Општината. Тоа е капитал на Општина Кавадарци и вредност на самата општина во делот на инфраструктурата, капитални објекти и се она што значи изграденост, а буџетот од 2017 е 3 пати зголемен досега за неполни 5 години. Од 180, 200 000 000 имаме 600, 650 000 000 основен буџет, зборам на Општина Кавадарци. И сега ќе почниш да ми кажиш за бетонизирањето, за зградите, за молот, за трговскиот, за сите работи. За мене тоа е многу ок, да се граде, да се праве и граѓаните да уживат во Општина Кавадарци. Кавадарци на временската прогноза не го даваа 2017.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи Градоначалник икебана од тебе ми е информацијата дека е градоначалникот на Општина Прилеп, така му извадиле прекар Прилепчани, бидејќи се сликал само на положувањ на цвеќе, а не знам за кој министер зборуваш. Во однос на ДУИ, вие со

ДУИ, со Албанците сте браќа, посебно вие лично, а и како политичка партија, само си водите сега предизборно пијар кампања и пропаганда, анти ДУИ, анти Албанци, таа после избори нема да ви биде ако имате шанса , нема да ви биде проблем да коалицирате пак со нив и 10 години бевте да кажам во коалиција неразделна. Во однос на централната власт постојано во последната година, година и пол ја критикувате и ја напаѓате централната власт, а после сам себе си се демантирате бидејќи сите проекти кои што ги набројувате и кои се капитални проекти се инвестиции од страна на централната власт во Општина Кавадарци, али вие умешно тоа мислејќи дека граѓаните и јавноста и ние вклучително као советници не ги знаеме тие факти, пробувате да манипулирате, па сега ја напаѓавте централната власт, едно време ја браневте, велевте нема подобра централна власт од оваа, нема подобар премиер, наеднаш ја сменивте касетата и сега најдобар ви е партискиот лидер Христијан Мицковски за кој што пред 2 години дававте изјави дека не може да води трафика. Кога бевте во право и кога не ги лажевте граѓаните. Кога не убедуватен сите дека Христијан Мицковски треба да си оди, дека не е способен да води трафика или сега кога силно лобирате за него да биде премиер и со таква неконзистентност на ставови не можете денеска да кажувате едно, утреден самиот себеси да се побивате. Го спомнавте Скопје, јас не знам дали се сеќаваш Градоначалник Данела Арсовска беше кандидат предложан и подржан од страна на ВМРО ДПМНЕ и одевте по Скопје и велевте еве ја мајката која што ќе ви ги реши сите ваши проблеми, кои ги имаат Скопјани.На крајот испадна заради кавга околу тендери, провизии и сл. го добивме ова што го имаме сега, буквален хаос во Скопје. Градоначалниците 70% во Скопје се градоначалници од ВМРО ДПМНЕ, вклучително и градоначалничката на Град Скопје.Сами креирате проблем, не можете да го изнесите сметот и затоа ви е крива централната власт. Во однос на блок дотациите, ние ги спомнуваме блок дотациите, точно е дека се за плата, никој не демантира или не зборува нешто друго дека истите не се користат за плата, меѓутоа и самите знаете дека неколкукратно се зголемувани платите во тие сектори каде што Општината и централната власт имат преклопена надлежност и во дел на култура и во дел на образование и во делот на детските градинки и ако ги направите споредба и ги споредите износите ќе видете дека дека за разлика од пред 4 години тие се сериозно зголемени. Во однос на долговите јас ви направив компарација на основниот буџет кој што изнесува оваа година 420 000 000 денара, кои што претставуваат вкупните приходи, кои што ги собрала Општина Кавадарци настрана од овие средства кои што ги добива како наменски дотации, туку основниот буџет дека е во однос на долгот и вкупните приходи на еден основен буџет изнесуваат околу 80%, односно долгот ни е скоро еден годишен буџет на Општина Кавадарци и неможете тоа да кажете дека е ниска задолженост на Општината. Немате реализација на капитални проекти. Се

она што го зборувате се капитални проекти на централната власт и сите улици кои што се направени овде во градот и спортската сала во Страшо Пинџур и затворениот базен кој што е во изградба и детскиот Центар за лица со попреченост, кој што е проект на МТСП и водоводот во Брушани кој што беше дел во рамките на ТАВ Програмата и не инвестирала оваа централна власт во Општина Кавадарци. Како тоа не инвестирала во Општина Кавадарци, а вие многу сте работеле и сте придонесувале. Ај да ги земиме да ги анализираме проектите. Бесплатен оброк за секој ученик. Имате ветено во Изборната Програма едно, а на крајот илегува нешто што е сосем друго. Обезбедување на бесплатен оброк за сите ученици од прво до петто одделение, со тоа околу 1800 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк. Милион пати сме разговареле досега, јас не мислам дека банички се здрав оброк, вие може мислите. Во однос на останатите проекти, еве ова ваша е Изборна програма, јас не сум го вадел овоа од некое друго место. Кога сте одееле и кога сте ветувале на граѓаните на Општина Кавадарци требало да им кажете видете за оваа работа немаме надлежност, за оваа работа немаме надлежност, а што вие правите, ветувате проекти, ако ги исполните и ако ги реализирате си ја препишувате заслугата и одите се сликате како што велите вие, и одите се сликате на истите тие проекти и велите Јас сум заслужен за оваа работа, а ако не успеете да го реализирате тогаш ја фрлате кривицата на некој друг, односно ја фрлате кривицата на централната власт и тогаш ви е крив и ДУИ и СДСМ и централна власт и премиер и министри и сите. Не може така да функционирате. Сте дале збор пред граѓаните на Општина Кавадарци и не може да ги реализирате овие проекти, кои што ви ги набројав претходно, не можете да ги реализирате. Ако ги видете бројките, јас не измислувам ништо. Ако ги видите бројките од буџетот на Општина Кавадарци за капитални проекти оваа година имате реализација од 232 планирани со ребаланс, а првично планирани се 246 за капитални расходи имате реализација од 25 000 000 денара, 53% . Ако го тргнете делот на опрема машини и вложување во нефинасиски средства, односно во софтвери ќе видите дека имате реализација на капитални проекти кои што имаат некој импакт во локалната економија од 87 000 000 денара и сакате да ме убедите тука дека тоа е добро и дека треба да ви аплаудираме.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Двапати бев спомнат, еднаш од колегата Филип Тасев. Не реков јас дека е 0 или на најниско ниво како вие што сте ме сфанале во мојата дискусија. Ако ме слушавте добро колега јас реков Овој процент на реализација покажува финансиска стабилност на Општината, а кажав дека капиталните инвестиции се на ниско ниво, а Градоначалниче во делот на едукацијата што рековте дека сумм рекол, само ќе повторам што сум кажал обука и развој на човечки капацитети. Ако е потребно да се инвестира во обука и развој на вработените во општинската администрација и другите релевантни стручњаци за да

се подобри нивната способност за планирање и управување и имплементирање на капиталните проекти. Јас колку што знам секоја професија има обука и усовршување и нашата професија со колешката раководител што е на финансиската служба Цанка Јовљанова имаме едукација и усовршување. Јас колку што знам ви праќате на едукација и на усовршување вработени во општинската администрација и проектанти и инжињери и Секретарот беше минатата недела и тоа е добро. Не реков за да омаловажам, оти нема никогаш никој да биде сезнајко за сва времена, секогаш има усовршување. Тоа ми беше зборот, а јас и колешката сме во добри односи, соработуваме и се едуцираме и никогаш не сме мереле по тоа едниот повеќе знае или другиот помалку знае.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувани медиуми. Денеска на дневен ред имаме точка за разгледување на буџетот и тоа колку е реализиран за 2023 година. Искрено разгледувајќи го материјалот, посебно акцент ќе задржам во однос на извештајот за реализацијата на програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 23-та година, нешто по што Општина Кавадарци е препознатлива и посебната градежна експанзија во изминатаите 6 години го краси пред се овој Градоначалник, а се надевам и нас како советници во неговиот втор мандат. Во однос на тоа што е реализирано во однос на Програмата за уредување на градежното земјиште за 23-та година. Би се осврнал на неколку сегменти. Пред се би ги вклучил изградбата значи на улици изградба и реконструкција на потпорни ѕидови и други објекти во урбани заедници, проектирање и ревизија на проекти, надзор над комунална изградба, изградба на системи за наводнување, изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води, изградба на јавни објекти и изградба на улици и патишта по селски месни заедници. Би почнал по ред. Во однос на реконструкција и изградбата на улиците по месните заедници на територијата на Општина Кавадарци со асфалтирање, во 2023 година за реконструкции и изградба на улици и асфалтирање се изработени од12 улици, 9 значи 75% е реализацијата со тоа што трите улици, односно Ристо Џондев, индустриски Западен Булевар, односно втор крак, уште е изведбата во тек и реализацијата ќе се одвива во оваа тековна 2024 година. Значи во однос на финансовата конструкција за изградба на улици по месни заедници од 26 800 000 реализирани се 24 244 000 денари што сметам дека е одлична реализација. Во однос на изградбата на улици по месни заедници со поплочување од 26 реализирани се 22 улици, односно има реализација од 84,5%. Значи во однос на финансовата конструкција за поплочување на овие улици од 15 800 000 со склучени договори се 13 400 000, што е исто така задоволителна бројка. Во однос на изградбата на потпорни ѕидови и други објекти реализирани за 23-та година се 5 потпорни ѕидови и истите се завршени во 23-та година, односно има реализација

од 100 %. Во однос на изработката и ревизијата на самите проекти што сметам дека е една од најголемите бенефити на секторот урбанизам и градежништво, токму изработка на овие проекти, реконструкција на улици и мостови, потпорни ѕидови, изградба на системи за водоснабдување и однесување на отпадните води. За 2022 година беа изработени 12 проекти, а во 23-та се предвидени уште 2 проекти и истите се во тек. Тоа е Основниот проект за изградба на улица, потпорна реконструкција иулична расвета на улица Ѓорѓи Соколов со краци и Основниот проект за мостот преку реката Луда Мара во с. Марена кој итекако ќе овозможи заживување посебно на пешачкиот дел од тој дел до село Марена. Исто така во овој дел би го спомнал и изградбата на Старечкиот Дом кој е фаза на изработка и кој ќе биде реализиран се надевам во текот на 24-та година заедно со МТСП иако тој проект е веќе во фаза на изработка заедно Општината, Здружението за пензионери и МТСП. Исто така би ги пофалил и изработката на геодетски елаборати, изработката за елаборати за проценка на недвижен имот каде што и двата дела се со реализација од 100%. Во однос на системите на воодоснабдување за 23-та година се реализирани значи 3-та фаза од изградбата на водоводната мрежа на Брушани, инвестиција значи водоводна мрежа за 23-та година има 100% реализација. Во однос на изградбата на ситеми за одводнување и прочистување на одводните води за кое е задолжено ЈП Комуналец исто така за 23-та година има 1005 реализација. Во однос на изградбата на улиците и патиштата во селските месни заедници каде што исто така и тие граѓани се трудиме заради тоа што и тие се даночни обврзници на нашата Општина да добијата еднакви услови како и жителите во Град Кавадарци, од 18 планирани места зачи од 17 месни селски заедници за улици и тротоари на нивно барање се реализирани 17, односно има 94% на реализација што е значително добра обврска на Општина Кавадарци реализирани према тамошните жители. Во однос на изградбата на јавните објекти за 2023 година започнати и завршени јас ќе ги накратко само набројам, значи тоа е реконструкција и регулирање на речното корито на р. Луда Мара до болницата и до мостот Видео Смилевски Бато, тоа е во тек, типска Спортска сала во П.Е. с. Марена, типска спортска сала во подрачје на склоп на подрачно училиште во с. Сопот каде што тие се во тек,извршивме посета, тие се од средства од Општина Кавадарци, монтажа на постоечки павер елементи на територијата на Општина Кавадарци, рекострукција и адаптација на објект во с. Дреново на детска градинка, значи тоа беше заедничка инвестиција на МТСП каде што внатрешната опрема беше од страна на Министерството, а адаптацијата на објектот беше од страна на Општина Кавадарци, потоа санација на оштетено корито на р. Луда Мара, тампонирање на полски патишта, реконструкција на кружниот тек на Бул. Моше Пијаде и Западен Булевар, партерно уредување на делот околу Црвен Крст, значи со текот на дел од овие типски спортски сали во с. Марена и с. Сопот каде што е предвидено да се заврши до 2026 година, тие се со

времетраење на самиот договор од 3 години, потоа реконструкција на кружниот тек на Моше Пијаде и Западен Булевар, заедно со пристапниот пат и партерно уредување на 7-ми Септември планирано да се реализира во оваа тековна година. Со тоа може да се заклучи дека во делот на овие јавни објекти од предвидените 13 изградени објекти се завршени 7 односно има реализација на 53,8%. Во однос на 2023 година сакам да напоменам дека е завршена и реконструкцијата и изградбата на следните улици кои итекако беа важни за нашите жители, тоа е ул. Домовица, ул. Лазо Асијата, Западен Булевар, Коњски Дупки и пробивање на 25-ти Мај на спој со Ѓуро Ѓаковиќ втора фаза, која беше 22-ра година започната и со кои овие улици беа во текот на 2023 година и завршени. Во однос на капиталните објекти односно дестилерија, во однос на обиколница јас сметам дека и сите капитални објекти кои беа во изборните програми на нашите двајца кандидати актуелниот Градоначалник Митко Јанчев и неговиот противкандидат од СДСМ пред 3 години, овие изборни програми и на едниот и на другиот во одредени сегменти можеби и се поклопува со желба и на секој Кавадарчанец Кавадарци да се движи во права и во исправна насока, тоа е желба верувам на сите кандидати кои сакаат да бидат градоначалници, советници, меѓутоа сметам дека заедништвото на централната власт и локалната власт во креирање и функционирање на капитален објект, ако се разединат тешко може да се направи нешто, меѓутоа како и во минатото развојот на Кавадарци секогаш одеше заедно со проекти од нашата Општина заедно со поддршка на централната власт и јас се надевам дека после изборите со една нова Влада сигурно ќе има, која тоа што е пропуштено во овие 3 години, во овие 2 години се надевам дека заедно ќе го изградиме во текот на мандатот кој ќе претстои на 1,5 година. Голем дел на проектите кои што се ветени, од нас како политичка партија ВМРО ДПМНЕ, се изготвени и се доставени до министерствата, нажалост поради немање на финансии и поради проблем на обезбедување на финансии тие се заглавени по министерствата, токму во тој правец се надевам дека во наредната политичка кампања која следи во овие два месеци до избор на нова Влада тие треба да се потсетиме за тоа што е проект предаден од нашата Општина до централната власт, меѓутоа да знаете и една работа посебно до нашите политички противници од СДСМ на секој прес и на секој завршен капитален објект кој е подржан од централната власт несебично јас како Претседател на Советот и Градоначалникот во нашите изјави до медиумите, до граѓаните никогаш не беше изоставена централната власт и сметам дека говорот на претходниот мој дискутант, Координаторот на советничката група на СДСМ тоа дека Градоначалникот и ВМРО ДПМНЕ како советничка група и како политички субјект во Општина Кавадарци го анулираат тоа што е дадено од централната власт не се слагам, бидејќи во нашите говори и во нашите дискусии према нашите граѓани ние секогаш тоа што е

дадено од Оштината како проект и од општински средства и од централната власт функционирано и сметам дека секогаш е кажано можеби проблемот треба да во барате во вашиот Пијар,кој сметам дека каска во однос на Пјарот кој го има Градоначалникот и ВМРО ДПМНЕ како политички субјект. Во однос на тоа како и функционира Општина Кавадарци во однос на финансов аспект и во однос на јавните наши претпријатија, значи да не заборавиме колку повеќе услуги му нудиме на нашите граѓани, тие услуги треба да се платат. Ништо нема бесплатно и секој оброк на крајот од денот мора некој да го плате. Токму во тој правец сметам дека најбитни се задоволството на нашите граѓани од услугата дадена од нас како Општина, ние апсолутните јавни претпријатија не треба да ги билдаме со добивка, односно една позитивна нула и еден позитивен коментар во однос на жителите за услугата што ја добиваат од тие ЈП-ја сметам дека е најголемиот благодет прво што тие ќе го добијат како жители на нашиот град. Иналу се потрудив иако не ми е искрен да бидам професија финансиите, се потрудив преку да видам во однос на минималната плата и минималната потрошувачка кошница во однос на изминатите 10 години, бидејќи често пати бевме напаѓани за тоа дека нели платите растат, меѓутоа еве значи во 2012 година минималната кошница во октомври месец била 31 900 денари со инфлација од 5,3%. Инфлацијата од 2012 година до 2021 година, иако 3 години имавте власт централна СДСМ, остана во рамки од 5,3 до 6,1%. Ова се званични резултати извадени на интернет со кои што 2022 година имаме скок драстичен на минималната потрошувачка кошница од 51 514 денари во 2022 година за да во февруар месец, претходниот месец, значи на 22-ри потрошувачката кошница изнесува 57 400, односно јазот меѓу минимални плати што ги зима нашиот граѓанин и минималната потрошувачка кошница останува разлика од речиси 300 евра, значи тоа е јазот што двете минимални плати не ја покриваат минималната потрошувачка кошница на нашиот граѓанин. Тоа е разлика од 300 евра што итекако треба идната Влада сериозно да поработи, бидејќи со овие резултати и овој галопирачки раст на инфлацијата сметам дека ќе биде голем предизвик на централната власт да може да ја зауза таа галопирачка раст на инфлацијата и со тоа во однос на минималната потрошувачка плата која сега во март месец нели има покачување, итекако ќе делува на зголемување на инфлацијата со растот на потрошувачката кошница не верувам дека ќе има некој голем бенефит. Ммое мислење и гледиште е дека 2008 година кога имаше светска криза ВМРО ДПМНЕ како политички субјект многу подобро се справи со таа галопирачка инфлација во тој период, меѓутоа овие бројки денеска кажуваат нешто друго, граѓаните ќе го имаат својот збор за неполн месец.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе си извадил новинарски прилози,доктор си, не ти замерувам заради тоа што од финансиски аспект се информираш од медиуми кои што не ја пишуваат цела

вистина. Сега јас ќе ти извадам податок од Сојуз на синдикати за Македонија кој што има анализа на сите потрошувачки кошници 15 години наназад. Еве ја синдикална минимална кошница студија. Е сега ќе ти кажам што е проблемот и каде доаѓаш до забуна. Декември месец 2016 година имаме мин. потрошувачка кошница од 32 102 денара. Тоа ти е скоро половина од две мин. плати кои што изнесуваат околу 8000 денара, две минимални плати изнесуваат 8000 денара, при што донесивте закон за мин. плата која што не ги опфаќаше секторите кои што беа засегнати од тој закон за мин. плата, значи текстилна, кожарска индустрија земаа под мин. плата од 8000 и нешто денара, значи околу 50% изнесува зафатнината од она што претставува потрошувачка кошница. 2023 година последен податок е за месец ноември 44 699 денара, еве можат да видат и граѓаните. Еве да видиш и ти Претседателе 44 699. Е сега каде доаѓаш ти во забуна. Бидејќи постојано стручната јавност критикуваше дека овие параметри врз основа на кои што се мери потрошувачката кошница се недоволни, односно треба да се стават и други потреби на граѓаните, затоа имаме разлика таква драматична во новата потрошувачка кошница, меѓутоа треба да знаиш дека мериш два различни економски параметри. Старата потрошувачка кошница која што опфаќа еден обем на производи, кога ќе го споредиш треба да ја правиш споредбата со 44 000 денара, а не со 53 000 денара, заради тоа што таму е пресметана по новата методологија, каде што одредени работи кои што стручната јавност сметала дека се потребни за нормално функционирање на едно четиричлено семејство се вметнати дополнително. Значи не ти се исто потрошувачките кошници, кои што пробуваш да ги споредиш. Е сега ако ја гледаме старата потрошувачка кошница која што изнесувала 44 000 денари, две минимални плати покриваат 85% од потрошувачката кошница. Во ваше време до 2016 година 2 мин. плати покривале околу 50% од потрошувачката кошница, при што секторите кои што се најтрудоинтензивни и кои што се најзасегнати од законот за мин. плата беа тргнати на страна и за нив истиот закон не важеше и Кавадарци е познато на пр. по текстилни компании каде што имаше работници во текстилни компании кои што зимаа под мин. плата од 9000 денара. Е толку во однос на мин. плата во однос на стандардот на граѓани и во однос на она што претставува ова економска моќ притоа во ситуација кога имаме светска економска криза, претходно корона криза, војна во Украина која што сериозно влијаеше врз подигање на она што претставува храна заради тоа што Украина е голем производител на храна,врз основен енергенс за работа на компаниите, не е крива Владата за тоа, туку глобалните текови. Прашање е како глобалните текови сте успеале не само да го задржите стандардот на граѓаните, туку истиот да го покачите. Во однос на капиталните проекти кои што ги спомна ти значи вие излегувате тука на говорница и велите дека централната власт не инвестира ништо, дека не ги бива, дека треба

да си одат од една страна, а од друга страна ми кажуваш ти дека ка сте правеле посети сте спомнале само дека тоа било инвестиција на централната власт. Дај усогласите ги еднаш ставовите. Кога им кажувате вистина на граѓаните, кога излегувате на говорница и критикувате дека нема капитални проекти или кога одите и се сликате на истите капитални проекти кои што се инвестиција на централната власт.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе почнам од крајот. Јас не можам, би предложил еве земете го малце пијарот наш како функционира и малце поработите на тоа за тоа што ќе го направите да дојде до обичниот граѓанин на Општина Кавадарци, прво тоа ќе ти кажам. Втора работа. Од нас како чинители и при посета на капитални објекти кои се отварат никогаш немаше замерка бидејќи тоа е насочено кон сите жители на Општина Кавадарци дека проектот е од Централната власт, а ние ќе го скриеме и ќе го кажиме дека е од општинската власт. При посета на сите капитални објекти изградени во Општина Кавадарци во овие 3 години кога имаме и даваме изјави секогаш да знаете дека се кажуваше правата вистина и секогаш тоа што е дадено од централната власт беше пофалено, а тоа што е кажано од општински пари што беше направено и тоа беше кажано. Значи во однос на тија дел толку. Во однос на другиот дел овие изводи ги извадив од ССМ така да тоа се рфелевантни фактори, можеби има дел тоа што го спомна на крајот воедно знаеме дека во регионот има криза економска, меѓутоа колку за ваша информација во 2016 година бидејќи ја спомна ни сме имале инфлација од 0,2%, да не ја заборавиме кризата во 2008 година у тогашната власт на ВМРО ДПМНЕ, така да јас би имал толку од репликата. Првен репликите да ги исцрпиме.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Колега многу сакате да зборувате за централната власт како и што има направено. Централната власт има направено 3 работи. Првата работа изиграа чочек во тунелот, кој што го направи автопатот ВМРО ДПМНЕ. Втората работа го сменија името и третата работа само го направија 2 км. таму велезот на Скопје, асфалтираа. Толку. Ништо. Сакате да се фалите во Кавадарци што има направено централната власт. Централната власт во Кавадарци, да со помош на централната власт се изгради градинката, ама Општина Кавадарци предводена од Градоначалникот Митко Јанчев кој што е од редовите на ВМРО ДПМНЕ има адптирано и направено 5 градинки, се имат направено 5 спортски сали од буџетот на Општина Кавадарци. Како. Никогаш не бил исклучен Градоначалникот од ВМРО ДПМНЕ. Значи ако правиме компарација што има направено централната власт у тоа во споредба што има направено локалната власт многу е минимално, многу е минијатурно и дај толку не се фалите, ради тоа што изгледате смешни у очите на граѓаните. Ништо друго. Значи тоа што го има сработено локалната власт за Општина Кавадарци уште 10 години да бидете централна власт не можете да го сработите на ниво на држава, а не за општина.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Викаш го смените името, а не се сеќаваш дека вашиот Градоначалник од вашите редови даде прв изјава јавно пред цела македонска јавност Дај да гласаме уставни измени за амнестија, не се сеќаваш дека 8 пратеници кои што вие ги кандидиравте на парламентарните избори во 2016 година гласаа за тие уставни промени. Поднесувате амандмани за 300 глупости во Собрание, а не поднесивте ниеден амандман за уставните измени. Толку околу тоа колку вие сте загрижени за националниот интерес на Македонија, колку тоа вие сте го бранеле. Во однос на тоа што спомна капиталните проекти Претседателе вие на говорница зборувате едно дека не чине, ка ќе испадните да се сликате на прес зборувате друго. Околу тоа ми е замерката. Дајте уедначите ги ставовите и бидете искрени према граѓаните. Во однос на тоа што е направено од страна на централната власт мост во Ваташа преку Министерството за транспорт и врски, Илинденска, реконструкција на улица Илинденска, Пионерска, Браќа Џунови, Западен Булевар, Дисанска, Димката Ангелов Габерот, Слога, Вељко Влаховиќ, Максим Горки и рехабилитација на локален пат Кавадарци, Росоман, Мушов Гроб, Мрежичко, Горна и Долна Бошава, изграден спортска сала во Страшо Пинџур, изградена нова детска градинка, во тек реализација, односно изградба на затворен базен, како и Дневен Центар за лица со попреченост. Ако тое е ништо колега, тогаш јас не знам што е нешто за вас и ако ова не може да го видете и да ја видете реалноста, тогаш немате. Повеќе има. Ете јас сум скромен. Значи ако овоа не е ништо, тогаш не знам кој повеќе направил и инвестирал во оваа Општина, а и може 10 години да се вратите station наназад и да си видите што вие имате направено во Општина Кавадарци.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Колега тие улици што ги набројате тие се долгорочно задолжување. Да јас реков дека централната власт направи градинка, ама Општина Кавадарци направи други 5 со сопствени средства. Да направивте спортска сала во Страшо Пинџур, ама Општина Кавадарци направи 5 други во Општина Кавадарци со сопствени средства. Да асфалтират некои улици, Општина Кавадарци проби и комплетно ги заврши со фекални и атмосферски канализациони мрежи, со осветлување 5 други нови улици и булевари. Е така работе локалната власт. И така треба да се работе. И вие сето тоа уште го правите дека не е ништо. Како не е ништо. Сакате сето тоа да падне во вода дека се е направено од централната власт. Не е точно и грешка е. И треба како што ние сме доблесни дека нешто е изградено со средства од централната власт, треба и вие да бидете доблесни и тука од говорницата Да така е, Општина Кавадарци од сопствени средства во висина од 100 000 000 денара направи 5 спортски сали. Ви не сакате тоа да го кажете. Емате доблест тоа да го кажите. Во изградба се. Дали за 2,3 5 месеца ќе бидат пуштени во употреба. Не е нешто имагинарно што го замислуваме само, се градат, улици пробиени, завршени, направени, адаптирани детски градинки по руралните средини, завршени, направени и вие немате

доблест да го кажите тоа дека Општина Кавадарци со сопствени средства направила нешто такво, а да ние имаме доблест си кажуваме Да, централната власт направи градинка. Точно е. Али вие немате доблест да го кажите тоа и ради тоа за месец дена граѓаните ќе си кажат што и како на изборите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Прва работа колега за твоја информација овие улици кои што ги набројав не се со долгорочен заем, со заем на Општината туку се во рамки на проектот на Министерството за транспорт и врски за поврзување на локалните патишта, односно се инвестиција неповратна на Министерството за транспорт и врски во Општина Кавадарци. Не ти е точна информацијата. Втора работа колега вие едно зборувате на говорница, друго зборувате надвор, трето зборувате на некое трето место. Еднаш велите не се прави ништо од централната власт, после тоа ми викаш ти немаш доблест да кажеш. Како немам доблест да кажам. Ти немаш доблест тоа да го кажеш, ка ти кажуваш дека оваа централна власт нема инвестирано ништо во Општина Кавадарци. Во претходната реплика реплика ти е тоа. Провери си.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Амандманите за среќа се тргнати, мислам точката си ја повлечи Градоначалникот од дневен ред, така како што си ја повлечи. Сега околу ова цела драма денеска тука еве како театар гледам, 20,30 души наредени во салата, значи цела седница циркус ја направивте и вие и вие, народот гледа, кога зборувате како мед да ви тече за животот кој што го живееме во државата. градоначалниче ти ја почна ваа седница толку нихелистички и на крај да се претворе во некојаси драма. Значи точката на дневен ред и Претседателе воа и една до вас забелешка. Точката на ред беше Годишната сметка на буџетот, почнаме да зборуваме за промена на името, за било што заеднички сте заслужни двете партии за тие ствари. На една пауза на вија точно Совет вие се согласивте двете партии дека сте заеднички согласни и одговорни за промената на името. Така да тоа е тоа. Околу Годишната сметка еве јас се држам, јас сум маце попринципиелен околу тоа. Значи околу Годишната сметка еве јас ни сум бил прашан како да се реализират тие пари, ни ништо, јас нема да се мешам во тоа, само еве кога сум ги споделувал информациите и со моите партиски другари повеќе на КЗ Образецот се обрнувавше отколку на завршната сметка. Зошто. Заради тоа што 26 000 000, зарди тие 160 000 000од кредити и 100 000 000 од побарувања кои што прашањето на секој беше Да Мито граде, ама кој ќе го плаќа тоа. Јас викам наредните генерации ќе го плаќат тоа. Мито нема да биде тука, Мито нема да биде Градоначалник, ама наредните генерации ќе бидат тука и ќе си го плаќат тоа. Јас би сакал на драмата да се ставе крај, на делегитимирањето на Советот Претседателе да му ставите вие крај оти сте Претседател на Советот. Ако се јавуваме за збор да се јавуваме за збор кога ја ставаш точката нели на дебата кога прашуваш дали има некој за збор, не после да се надополнуваме еден со друг. Советот

е целосно делегитимиран и до тој степен што не знаеше општинската администрација како да постапува со 365 амандмани кои што јас ги поднесив, па уште и одговор имаше на социјалните мрежи дека биле неосновани, па да целта е тоа да се доведе до таа иронија процесот.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи бев повикан накратко. Значи со целиот респект кон вас како советник во однос на излагањето сите советници кои имаа излагање досега зборуваа прво за буџетот, точно на одредени точки испаднавме надвор од дискусијата, меѓутоа сите и амандманите што беа поднесени од ваша страна и говорите што ги имавме од едната и од другатта страна, пред се СДСМ и ВМРО ДПМНЕ беа во правец дека ние сме влезени во предизборна трка и таа предизборна трка ќе заврше за 2 месеца и се слагам дека у текот на говорницата многу тешко кој и да водеод вас 19 души, еве јас ќе се тргнам, нека седне некој друг, многу тешко може да се изземе од тоа да биде малце поразлично од точката. Јас така сметам.Повели Градоначалник реплика на Круме.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи репликата ми е кон советникот од Левица Круме, значи делегитимирање на Советот е поднесување на 360 амандмани и да важел ДУП до 2378. Е јас до тогаш ќе бидам Градоначалник. Тоа ми беше одговорот, пошто ти поднесе амандмани до 2378 година. Е тоа нели е делегитимирање. Значи блокирањето на процесот може да биде со дебати. Гледај колку е транспарентна дебата, објективно и да ги убедиш дека тоа е штетно, а не со 2000, или таму со 360 амандмани, не знам зошто толку хартија си трошел, нема потреба. Значи Советот, да малку подзабегаа во делот на воа централната власт, како било, што било. Нема потреба тоа да се дискутира затоа што пред 3 години имаме еден премиер, па друг, сега си има таму па нели трет и сите тие работи нормално, секоја Влада си има своја политика и начин за функционирање. Значи дека државата се задолжи прво нелегитимно и неуставно уште во првиот мандат на СДСМ да земе 55 000 000 евра и да ги раздолже делумно задолжените општини, тоа е за мене неуставно, затоа што тогаш не добивме пари, а доби пари некоја задолжена општина уште од пред 20 години, не од било кое време и таа општина е пак во иста ситуација сега. Пак во иста ситуација. Така да потрошивме граѓански пари. Значи централната власт треба да се грижe да капиталните проекти предводени од Општината и ако се од јавен интерес и од социјална категорија или од било што да бидат предуслов за финансирање и тука јас немам дилема и немам забелешка дали ќе биде тоа за Општина Велес, Куманово, Струмица или Битола, кога централната власт ќе подрже школо, градинка, пат, заобиколница или било како. Тоа е за сите граѓани на нашата држава, кај што нормално ќе функционират од јавен интерес. Нас ниту еден проект не ни е финансиран, кој што ни е од локално или регионално или барем како да кажам магистрално значење. Значи сите проекти кои што се финансирани, сефинансирани од поголем обем на јавен интерес и тоа е добро. Нас нема централна власт да ни направе

не знам некакво спортско игралиште само за децата од Кавадарци. Тоа што го правиме го правиме за сите граѓани кои што поминуваат тука и ако во Кавадарци не се финансира, каде ќе финасират они,2% невработеност, втори по БДП, економијата ја придвижуваме кон први во Р. Македонија. Е каде да финансират. Во Берово, во Делчево, нормално дека тука треба да се посветиме да се финансира повеќе. Експлоатацијата на град Кавадарци е на највисоко можно ниво и во делот на работна сила и во делот на експлоатација на инфраструктура која што ја имаме од регионални, локални патишта. И земјоделието земи го во обзир, така да Кавадарци функционира и како Тиквешија функционираме и очекувам да тоа биде на повисоко ниво, да се врате и да се функционира.Круме во делот на она пред изборно што викате ви ако биде сега вака воа месец, месец и пол, не вака бетер ќе биде затоа што јас како што ме повикаа ДУП точката ја тргнавме од дневен ред заедно со Секторот за урбанизам за да не се политизира цела ситуација и еве ќе кажам тука јавно по завршување на изборите истата точка ќе ја вратиме назад за да дебатирате и дискутирате, може ќе ја гледате со други очи во тој момент. Не сакав да се даде политиканство и да се политизира таа ситуација.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани, Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници, администрација, медиуми, граѓани. Јас ќе се задржам на точката на дневен ред, иако имам многу да кажам и во делот за јавен долг колку е во растот на Македонија од предвидениот 3 % што е 1%, најмал во регионот и во тоа како ВМРО секогаш стоел на браникот на татковината, не го предало ни за име, ни за ништо, ни во 2001, во Бродец и во Куманово се покажа како застануваше на браникот на татковината, но јас во тој дел ниту влегов во реплика, ниту ќе му реплицирам, ќе се задржам на точката на дневен ред. Завршната сметка на Општина Кавадарци во износ од 1 235 593 000 денари, да не се стремиме во Европска Унија со среден курс 20 090 000 евра. Надвор од дотацијата, односно оперативната сметка од 662 963 000 денари заедно со самофинансирачките активности и сметката од донации или износ како што кажа претворено во евра од 10 777 000 евра значи е реалниот буџет со кој Општината располага. Овие заблуди сега што се случуваат, што имаме страшна реализација во комунална изградба, значи бројките кои што Претседателот претходно прочита од 98, 99% , додека во делот на финансискиот каде што викаме мала реализација го праве сметководствениот принцип. Затоа и сега финансискиот стандарт МССЈС предлага, значи запознаени се и службите во Општината значикаде што моментално принцип насметководство во буџетите кои што се водеа по готовинска основа, односно приливот на пари, значи пари, а одливот значи расход, значи ќе се смене и тие да преминат во пресметковна основа. На тој начин оваа реализација што е прикажана во изградба реална, ќе биде прикажана и во финансиските извештаи, а сега, сега не е реална, затоа имаме во извештаите од секторите од градежно уредување голема

реализација, гледаме сегде инвестиции, а финансиските извештаи бидејќи некои фактури не се достасани, некои фактури не се уште доставени, значи не е исплатено и реализацијата покажува на пониско ниво. Значи во делот на буџетот јас како што го гледам и централниот буџет, односно државата како што има ЦДП или бруто домашен производ и се деле тој за рамноправна распределба меѓу граѓаните, нели пер капита по жител што има, така и го гледаме овој буџет. Значи буџетот треба како што ги оприходуаме од даноци по разни основи, самофинансирачки активности истиот да го вратиме кај граѓаните, затоа јас направив тука една пресметка врз основа надвор од показателите што ги има финансии од вкупниот оперативен буџет, заедно со самофинансирање и донации, односно од 662 963 000 денари или 10 779 000 евра, значи за трошоци неопходни за функционирање на Општина или што ги викаме ние во сметководството ... или трошоците се речиси 182 022 000 денари или во евра 2 959 000 или од тој буџет 27,4 % одат неопходни трошоци, но тие се плати, материјални трошоци, хигиена, комунални услуги, греење, ХТЗ опрема, но најбитно од се што со оперативниот буџет со кој располага Општината 72,6% или 480 000 000 или во евра 7 820 000 евра, значи одат кон граѓаните, се враќаат, значи тоа е најбитен факт, тие се враќаат по основи, реконструкции, улици, социјална помош, кај што реализацијата беше висока, значи по спортски клубови, невладини организации, зеленило, паркови, значи распределбата кон граѓаните е рамномерна и на високо 72,6% од оперативниот буџет. Тоа ни е најбитно во овој дел. Од овој буџет значи делот во капитални расходи е на износ од 125 000 000 или 26% од 662000 000 и тоа кажавме овие капитални инвестиции се инвестициите кои се платени и се сметат, а не како реализирани, затоа е разликата во делот кај што е, реализацијата е 90%, над 90%, а тука е исплатената, воа малце употребив некои сметководствени термини, финансиски се со цел да и објаснам на јавноста, се разбира намерно не употребував некои изрази што ни се финансиски изрази за да бидам појасен. Целта ми е дека буџетот на Општина Кавадарци и здолжувањата кои ги има, го следат златното правило во финансиите. Златното правило во финансиите е задолжувањата да бидат за капитални инвестиции. Значи тоа го поштува овој буџет. Задолжувањата кои ги има Општината едно е за зелениот пазар заедно со катната гаража, двете нивоа на катни гаражи и опремата и второто задолжување е за реконструкција на улици односно за улиците Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Едвард Кардељ, Моше Пијаде, Цветан Димов и Северен Булевар. Задолжувањето е за граѓаните и е насочено исто и кон компаниите, каде што нашите компании со тоа ја придвижуват економијата, можат да се јават на тие тендери, со тоа нели компаниите плаќаат вработени, змаат плати и сето е како што кажав и претходно приходите од граѓаните за граѓаните. Мислам дека оваа завршна сметка и овој буџет е поволен. Со моето искажување мислам дека бројките

кажуваат дека буџетот е во добра состојба и сметам дека треба сите едногласно да го гласаме овој буџет.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката прва ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 5 против.

2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2023 година;

Кој е за. 11 за. 5 против.

3. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;

Тука ни се менаџерите на општинските средни училишта и основни. Накратко ќе имат излагање директорите.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃЕВА: Почитуван Претседателе вчера беа беа сите директорин на комисиите и дадоа опширно образложување за своите годишни сметки, а јас како Претседател на Комисија за финансии ќе ги молам колегите во делот таму каде што имаат прашања кои што навистина бараат одговор да ги прашуваат кога се однесува за последната точка, бидејќивчера директорите 2 часа тука седеа и ни образложуваа во делот на нивните годишни сметки. Сепак колегите нека прашат кога се работи за нешто што е кратко, бидејќи вчерашната комисија за финансии беше во целост и конструктивна, со дебати, со прашања, да не го обременуваме Советот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: На место е забелешката. Во тек на ланските завршни сметки на јавните основни и средни училишта се судривме, ако ви текнува направивме пауза на самата седница по барање да дојдат овде. Оваа година па на наша инцијатива, на наше барање сите дојдоа, иако сметам дека комисиски кога е помината расправата за завршните сметки на основните општински училишта и релевантно е, меѓутоа наше право како советници е да бидат присутни и во тој случај тоа е тоа. Ако има прашање. Дали имате прашања за Годишната сметка на Гимназија„Добри Даскалов„ донесена од Управниот Одбор на на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци. Нема. Во ред. Кој е за. Едногласно.

4. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Дали има некој прашање до директорката на оваа јавна образовна институција. Нема. Точката ја ставам на гласање. Кој е .Едногласно.

5. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци ;

Дали има некој прашање до менаџерот на ова образовна институција.. Нема. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

6. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци;

Дали има некој прашање до менаџерот. Нема. Точката ја ставам на гласање.

7. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;

Прашање нема. Точката ја ставам на гласање.

8. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Дали има прашање до менаџерот. Нема. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

9. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;

Нема прашање. Кој е за. Едногласно.

10. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2023 година;

Прашање до менаџерот. Нема. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

11. Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;

Едногласно.

12. Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно.

13. Извештај за извршена самоевалуација на ООМБУ„Лазо Мицев - Рале „ Кавадарци за учебната 2021/2022 година и 2022/2023 година донесен од училишна комисија за спроведување на самоевалуација;

Прашање до менаџерорт. Нема. Точката ја ставам на гласање.

14. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Вуко Мелов. Само момент. Значи менаџерите што претходно завршивме со вашите точки слободни сте. Ви се заблагодарувам за вашето присуство.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги пред нас е Финансискиот Извештај за детската градинка „Рада Поцева„. Во изминатиов период го гледав извештајот. Во изминатиов период, односно крај на 2020 година направивме, единствени во Македонија зголемување на партиципацијата за прием на деца, односно за чување на деца, за сместување на деца во детски градинки од 1490 на 2000 денара. Тогаш излегуваа тука и Градоначалникот и советниците и директорката, многу била лоша состојбата, не знам што, иако претходно донесивме одлука да одредена социјална категорија се ослободи од плаќање на таа партиципација. Од она што можеме да го видиме во Финансискиот извештај, односно од она што сум го добил како

забелешка од страна на граѓаните. Тоа го спомнав и пред некоја седница на Советот, а тоа е дека во однос на детската градинка родителите имаат забелешка во однос на квалитетот и количината на храна, која што им се испорачува на децата, односно дека истата во последниот период почнува да се намалува. Прашањето е зошто до Директорот. Втора работа сакам да ја прашам директорката на институцијата дали има и какви инвестиции има направено во однос на подобрување на условите за едукација да кажам на деца во однос на материјални средства, во однос на она што претставува, детски играчки и слично. Забелешките од страна на одредени родители се дека таму не се инвестира ништо. Трето прашање кое што го имам до директорката е во делот на јубилејните награди. Пред мене имам неколку барања, односно одговори за барања од страна на директорката кои што гласат овака Врз основа на одлука донесена од Управен Одбор, заведена под број тој и тој, донесена од страна на директорот на Рада Поцева Кавадарци. На вашето барање директорот одговара негативно, односно не се обезбедени финансиски средства за исплата на јубилејни награди за 2023 година од страна на основачот, односно од страна на детската градинка. Овоа колку што јас знам е законски регулирано право за јубилејна награда на 10 или 15 години се исплаќа. Зошто имаат вработените воспитувачи, негуватели и други вработени во детската градинка немаат добиено оваква јубилејна награда, односно зошто сте им одговориле на истите негативно. И последното прашање кое што сакам да ми го одговоре директорката е во делот на базарот кој што го правите пред Нова година ми се чини, бидејќи станува збор за манифестација кај што децата продаваат одредена зимница на своите родители. Дали имате доказ дека финансиските средства кои што ги плаќале во суштина родителите, дали имате доказ дека истите финансиски средства се сите собрани и истите се уплатени на трансакциската сметка на детската градинка.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА ЦАНКА ДОБРИНОВА: Почитуван Претседателе, почитуван Градоначалник, советници и останати присутни. Годишната сметка за финансиската работа на градинката Рада Поцева, приходите на самофинансирачката сметка за ова година, односно 23-та година беа 21 907 000 денари, со заостанати од претходната година околу 4 174 000. Вкупните расходи на сметката 787, тоа е самофинансирачката наша сметка, севкупно 23 652 000. Глобално да се каже дека градинката Рада

Поцева мислам дека на 200 вработени и на толку трошок и на оваа инфлација работи сите овие 7 години домаќински. Никогаш немаме заостанато фактури за плаќање и во делот мислам дека ми поставивте прашање во делот на исхраната така, дека е намален оброкот, квалитетеот не. Не квалитетот си е, нон стоп имаме контроли од страна на Агенцијата за храна, си одиме по правилник и нормативи кои што строго се придржаваме за квалитетот на храната, меѓутоа ние знај дека секогаш тендерите кои ги спроведуваме мораме да ја избериме најниската понуда, меѓутоа не значи дека и квалитетот е тоа, мислам не е наша кривица да го избериме најевтиниот понудувач. Другото прашање во делот на јубилејните награди. Јас мислам дека не ви е доставено, од кој ви е дотавено тоа не е битно, последната одлука не ви е доставена на Управниот. Тоа е одлука донесена 23-та година врз основа на тоа што блок дотациите ми беа намалени за нафта и мене ми се приоритет нафтата да ја обезбедам, а не јубилејните награди. 24-та година последниот Управен Одбор имам донесено одлука дека таа одлука се поништува и дека ми се обезбедени средства за исплата на јубилејните и 23-та што ми се заостанати и за 24-та година и мислам дека ќе бидиме прва градинка што ќе почне да исплаќа јубилејни награди. Во делот на пазарот не ги ставаме на сметка тие пари, меѓутоа од страна на комисија со записник, со сето дел за децата се користат тие средства дали за дидактички, дали за гардероба, за нешто ни се потребни и ни се потрошени, дел и не ни се потрошени, некогаш и ако нема потреба не ги трошиме, меѓутоа сето тоа си е средено со записник.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Имате донесено одлука на вработените во Рада Поцева во Кавадарци нема да им се исплатува јубилејна награда, согласно таму некој член од Правилник. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. Како можете да донесете одлука за нешто што е законска регулирано дека треба да им се исплаќа на вработените, без разлика никој не спори дали во тој момент сте имале средства или не. Не значи дека ако немате тогаш средства дека треба да им го укинете право на вработените кое што им следува по закон. Може да им ги исплатите во нареден период. Во однос на храната реакциите се од страна на граѓаните дека квалитетот на храната е намален и дека количината исто така е намалена во изминативе неколку месеци station наназад, Не зборувам за претходно,

туку зборувам конкретно за последните 7, 8 месеци кој што го добивам често као коментар од страна на родителите и последна работа во делот на пазар или базар како го нарекувате сакате да ми кажете дека финансиските средства кои што им сте ги собрале на родителите не сте ги внесиле на трансакциска сметка, без разлика и да се работе и за еден денар имате обврска да ги внесите на трансакциска сметка, бидејќи сте ги собрале тие финансиски средства као детска градинка. И ако може после седница да го добијам записникот од базарот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во делот на згрижување на предучилишното образование или на градинките прва општина сме во државата која што успеавме уште пред овој Совет да комплетно ги згрижиме сите деца во градинка. Јас само би се навратил малку назад да ви кажам дека буквално претходно се водеа изборни кампањи и се собираа гласови за запишување на дете во градинка, сега тоа го заборавивме и така треба да биде, да биде заборавено пошто капацитетот на градинката не беше поголем од 500 до 570 дечиња, а сега имаме капацитет над 1400 и 1500 дечиња и прва Општина по примерот да имаме во селски средини со претходно направени анализи за потребите клонови на детската градинка како што е Марена, Дреново, Возарци и сега Сопот. Точно е се изгради нова градинка после 25 години во Општина Кавадарци, кај што Општината партиципираше со финансиски средства, Општината ја реши експропријацијата на земјиштето кое што воопшто не беше мало, Општината го направи проектот, одобрението за градење и сето тоа кошта малтене 10 000 000 денара и МТСП преку Светска Банка инвестираше околу 35-40 000 000 денара, со нашите пари е 55, инаку на Министерството се 40. Битно дека 160 дчиња се таму сместени. Битно дека сето тоа го пратиме со трендот на квалитет во делот на негуватели и во делот на воспитувачи и не заборавајте градинката помина еден многу тежок, тежок период корона кај што требаше да ги задржиме сите вработени, а децата да одат систематски на работа, не повеќе, по 10 во група, па , па да ротираат, па не дај Боже некое позитивно ако има, па цела група да се изолира. Тоа беше еден макотрпен период за сите и во образование и во детска заштита, кај сакаш кажи му, а поготово во здравствениот сектор. Храната на децата, јас не верувам дека и не сакам да помислам дека ќе биде ускратена или неквалитетна, напротив за да бидиме објективни и транспарентни ние во Општина Кавадарци имаме референт за

предучилишно образование и тоа е г-ѓа Надица Дамова, јас не би ја декларирал од СДСМ, вие рековте СДСМ, али мислам е ваш активист, е така и како ваш активист ако дозволила да квалитетот падне на храната и количината или било како, тогаш требало да напише на извештај до кај мене или до директорката.Зошто ова го кажувам.Од пред година дена секој прием на храна ексклузивното право на градинката го ускративме да ја примат храната, напротив имаме трочлена комисија направена која што е на лице место при приемот на храната, се прави записник, се потпишуваат сите и храната влегува во градинката и направивме нов план по ИСО И ХАСАП стандард на излез на излезот на храната од самата детска градинка или од самата институција, така да во тој дел не знам што повеќе да направиме за да се заштитиме. Во делот на детски пазар или Новогодишен пазар тоа станува збор, не за финансиски средства и не станува збор за нешто друго туку станува збор за една забава на деца кај што еве јас како родител сум имал можност да отидам и да купам од моето дете или од друго дете нешто симболично за симболични средства, не се тоа пари што ги оставаш не знам какви 10,50,100 денари и се збираат не знам условно колку средства за да пак се организираат тие пазари, децата едноставно се запознаваат со нашата култура, никаков друг начин и тенденција нема тука. Ако има нешто друго нека си проверат институциите, нека видат во кој дел и како се наоѓаме. Треба да бидете горди што Општина Кавадарци и во последниве 6 години и повеќе од тоа фала му на институциите и на луѓето кои што работат таму немаме ниеден испад во детска градинка. Пратите што се случува во друзите градови, пратите што се случува во други држави, така да во тој дел јас сум благодарен на целокупниот кадар кој што работе во детските градинки и на раководителите и на директорката и на сите од технички персонал, па до било каде. Треба да го дигаме нивото на предучилишното образование, треба да го дигаме нивото на згрижување на децата, во делот на квалитетот, не само во квалитетот на храната, него и во квалитетот на самото згрижување и нивната целодневна искористеност во делот на насоката. Јас сум пред се да тие дечиња се организира повеќе настани, еве времето ни доаѓа во прилог, доаѓа пролет, со пролетни денови, со излегување надвор од детската градинка, со организиран превоз преку ЈП за превоз и било како да тие деца што повеќе бидат во природа, бидат насочени кон она што

значи социјала или соживот за да можиме да градиме пред се квалитетен кадар. Не е воспитно образовна нашата институција, него е само згрижувачка, каде што требе и предвреме и навремено да ги нашите воспитувачи и негователи, нашите деца детектираат или забележат недај Боже ако имаме некои недоследности кај децата. Ни фале, итекако фале логопеди кои што треба да се предвидат во систематизацијата на детската градинка, ни фалат и психолози, кои што за жал ги немаме, еве сега едниот што го имавме отиди во пензија, сега чекаме да поминат избори, да вработиме психолог во делот на детската градинка, али мислам во тој стручен квалитетен кадар треба да се насочиме повеќе за да му обрниме внимание и да ги исправиме децата од најмлади години, а мислам дека тоа е можно и треба да биде како што треба и не знам дали слушавте вести дека како ја викат тоа Скопјани внатрешноста во Македонија, ка они се надворешност од Македонија 95% се децата вакцинирани, а во Скопје биле 50% вакцинирани. Значи тоа е благодарение пак на тоа што ние навремено сме работеле и навремено сме кажале дека нема да примиме дете кое што не е вакцинирано за да ги заштитиме сите останати деца. Ова ако е внатрешност тука која што функционира како внатршност со 1400, 1500 дечиња згрижени во градинка, мерилото на сите детски градинки кои што ги имаме кај нас од една градинка и клонови ние ќе ја увидиме во еден момент кога Круме нема да го опструира планот на Опитно Поле, таму има маркица за детска градинка, еве заеднички ќе одлучиме дали ќе ја градиме ние или може да ја дадиме на продажба, па да се изграде и приватна градинка и во тој случај зошто Круме, демократија, кога ќе имаме 10 градинки државни или општински како сакаш кажи ги и една приватна ќе имаме мерило кај се наоѓаме. Јас мислам дека сме, повеќе знае мојата сопруга веројатно моите трите деца одеа во градинка и сум задоволен максимално и кога не сум бил градоначалник најголемиот син одеше во градинка и не сум имал никакви недоследности од згрижувањето на моето дете во самата градинка и не била ни Цанка тогаш ниту пак директорка. Така да обемот и квалитетеот нема да опаѓа, напротив ќе се потрудиме да го подигниме на максимално ниво и гледајте да после избори можеме на оние 35,40 што ги имаме како преку Агенција за времено вработување да не и даваме на агенцијата 5%, 6%провизија за плати, него да издејствуваме да добијат решение по систематизација која што ја изготвуваат сега систематизацијата

врз основа на новите клонови, врз основа на обемот на деца впишани во самата детска градинка. Заслугата на Општина Кавадарци е тоа што ниедно дете не чека за упис во градинка и сега вака ако се потсмеваш морам да ти поткажам нешто. Ако државата даде 50 000 000 денара за една градинка, Општина Кавадарци дади 70 000 000 денара и тоа во Снежана доградба на 3 занимални со општински средства комплетно, во градинката Тошо Велков Пепето 5 занимални комплетно од Општина Кавадарци, доградба односно изградба на градинка во Марена, комплетно од Општина Кавадарци, е сега опремувањето го спомнуваш, да точно е.Секаден опремувањето беше обврска на МТСП. Изградбата на градинката. кошта 5 занимални 20 000 000 денара, а опремувањето на 5-те занимални не е повеќе од 700, 800 000 денара. Таква е разликата. Тоа е опремувањето. Креветче, столче, буквално тоа е, нема ништо повеќе и е 700 000 денара за 5 занимални, не опремува Министерството тоалети и тие работи, него она само што е подвижно како опрема. Во Возарци ја изградивме градинката, во Дреново ја направивме градинката со општински средства, сега и во Сопот ќе ја направиме градинката со општински средства и тоа се средства на граѓаните на Општина Кавадарци за нивните најмили да бидат сместени во детска градинка и згрижени во делот на нивната секојдневна потреба да можат да функционират. Јас како дете не сум одел во градинка, ја немав таа можност, дали немало место, дали не знам како и што, баба ме чуваше и баба цело време ме плашеше ако не спијам дека ќе дојде вампир, разбираш. Сега тие трауми од детство за да ги поминам, затоа што баба несоодветно ме чувала ми требеше време, а верувам во градинката има соодветни кадри, негователи, воспитувачи и не ги плашат децата сега со вампири, него му кажуват како што е реалноста. Така да нема поголем благодет дете да биде во градинка згрижено.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Реплики сме уште. Почитувани колеги, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми и јавност. Колега Вуко Мелов не сакам да правите политички маркетинг врз основа на децата, најмалку го заслужувате тоа., а најмалку го заслужуваат тоа и децата. Зошто ширите популистички идеи дека била храната малку. Како вас секогаш ве сретнуваат и ви кажуваат родители дека храната е малку. 40, 50% од тука од колегите имат деца во градинка, јас немам јас сум повозрасна, ама секој ден се движам по центарот на градот и кај мене идат илјадници странки и никој досега не кажал дека храната во

градинката била малку, дека не била таа што требала соодветна. Знаете што. Многу е лесно да нападните, само треба да отидете да ги посетите прво пред да кажете вакви податоци и вакви на говорница овдека дека да посетите каква храна се спрема, колку оброк се дава на секое дете. На никој не му текнало, најмалку на директорката да намалува храна. Таму си има стандарди што храна се дава, по колку количина, оброк се дава, не знам дали ви е тоа вас познато, не верувам дека знаиш, а многу е лесно да критикуваш и од говорница да ствараш фама меѓу граѓанството и меѓу родителите на децата. Нека кажат слободно, нека кажат кои и каква храна се дава, како се чуваат децата, во какви услови и колку храна му се дава на секое дете. Сметам дека оваа говорница најмалку треба да биде искористена за тоа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке не правиме политички маркетинг, само кажуваме работи кои што ни ги кажуваат граѓаните. Ние сме избрани од страна на граѓаните да ги застапуваме нив до 2025, 2025 ќе ни завршe мандатот и нема да се обраќат кај мене туку ќе се обраќат кај некој друг советник веројатно. Затоа доаѓаат луѓето и се обраќат за овие работи. Зошто колешке не се обраќат кај тебе, не знам искрено да ти кажам. Овоа е реакција не само на децата, него и на дел од вработените, кои што кажуваат дека е намалена количината на храна, кои што кажуваат дека е намален квалитетот на храната. Не е проблем тоа да се каже тука. Идејата е да се подобре. Не го кажуваме ова злонамерно. Идејата е да се подобре. Во однос на тоа што го зборуваше Градоначалникот, контрола на влез, јас не се сомневам, ја знам Надица лично и ќе кажам дека ми е блиска и не се сомневам во нејзината работа, меѓутоа тоа е во делот на влезот на храната. Што се дешава понатаму нит знам, нит е она одговорна, нит ништо. Значи она е одговорна само за делот колку што ве разбрав вас за делот на влезот на храната, како одговорно лице испратено од страна на Општина Кавадарци, вработена во Општина Кавадарци за да врши контрола на количината и дали храната е испорачана во соодветните количини во однос на јавниот тендер. Како понатаму ќе се сервира. Не можеш да ми кажеш ти дека еден човек може да има контрола на толку. Е па добро и тројца да се. Може ли да имат контрола целокупна на се она што се дешава внатре во детската градинка. Значи не можат они да воспоставaт целосна контрола која што ти

сакаш да ја претставиш. Во однос на базарот јас и кажав без разлика дали и еден денар да е треба да го ставите на трансакциска сметка, кој што го земале као детска градинка, односно вие како Градоначалник сте одговорни во однос на цената, спомнав веќе дека ние имаме најскапа градинка во Македонија Градоначалник, сумите си ги претставуваш тебе као што ти одговара, кажуваш само што направила Општината, другите износи ги тргаш настрана.

СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Почитувани во извештаите што ги добиваме пред седница пишува добиени од Секторот за предучилишно, убаво е означено, дека имаме лице за организирање работилници за безбедност или квалитет на храна во детските градинки. Секојдневно присуство. Значи воа е напишано точно, значи не сме го измислиле ни, секојдневно присуство при прием на роба во објект Снежана и членови на Комисијата. Има и решение под кој архивски број е тоа внесено од 2022 година и со тоа се изготвуваат и записниците з доставена роба во објект Снежана.Храната што се подготвува во градинката Рада Поцева е точно во објект Снежана и таму се приготвува, а се пренесува до другите објекти. Другите објекти не прават подготовка на храна, туку само по број се распоредуват на дечињата. На секое дете во предучилишната установа му следуваат два оброцим, појадок и ручек и две ужинки. Тие соодветно ако не јадат нешто добиваат репете соодветно, сите не јадиме се и дома на 4 души ние не можиме да му погодиме што сме направиле за ручок, а камоли на 30 деца во една занимална, значи само во една занимална во една група. Секој јаде нешто повеќе, некој јаде нешто помалце. За жал не правиме незнам помфрит, некои работи кои што дома можат децата да ги јадат и се удоволени, ама тоа се две деца дома, за разлика од тоа колективно кои што се во групата. Друго има извештај дека Рада Поцева градинката во 2023 ги има реализирано и следниве инвестиции реконструкција на објектите Изворче, Снежана и Детелинка 1300 000 денара. Од наменските средства блок дотации се реализирани и други инвестиции, набавка и монтажа на системи за парно и соларно греење во Детелинка и Снежана, купување на куњска опрема, купување на клима уреди, купување на мебел и секако тука е градинката во Дреново кај што инвестираме во нејзина реконструкција. Точно дека МТСП инвестира во внатрешноста и во мебелот на уредување, но постојат многу други пропратни работи што треба да се средат и сметам

дека е несоодветно било која јавна манифестација организирана од градинката да се фрла негативно светло и на манифестацијата, на тој воспитно, негувателски, згрижувачки тим, кој во рок од 12 часа се грижат, има деца кои што се оставени од 6 наутро до 6 попладне. Значи таа градинка има 12 часа работно време и сметам дека не е соодветно, не само вработените од ВМРО туку и вие имате ваши вработени и фрлате негативно светло на нивното работење. Некој дека на некој 100% му погодил е невозможно, но сметам дека работењето на воспитно згрижувачкиот тим, од технички персонал сите на најголемо ниво на нашата градинка, ние сме една од градинките кои што сме најопремени и најуредени, секогаш постое можност за нешто подобро и нормално е тоа, ако нема нешто подобро да биде, нема да се стремиме да бидиме подобри, имаме сензорна соба, тука е предучилишното образование каде што децата кои што посетуваат предучилишна установа, градинка која што е незадолжителна, во училиште одат веќе писмени лица и соодветно се подготвени за обврските кои што му следуват. Сметам дека несоодветно реагирате постојано на градинката Рада Поцева и мислам дека многу негативен маркетинг за ваша страна. Многу голем дел од родителите одат на работа, затоа што постое таа детска градинка. Секоја јавна манифестација е со толку посетена и толку радост има од родителите што си ги гледат своите деца подготвени да кажат нешто, па макар значи и да не кажат ништо, да се израдуват на своето дете кое во една група се однесува соодветно, си ги знае правилата сметам дека тоа е нешто најнегативното, значи градот сега имаме манифестации Пролетно дефиле, Априлијада, завршни приредби. За сето тоа да се изведе ни е потребно многу труд, многу внимание, љубов кон децата. Пак ќе кажам секогаш 100 % не може нешто да биде, ама дека се е така црно и негативно како вие што го претставувате мислам дека најцрното е што давате негативно светло на градинката Рада Поцева.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке дали е против интересот на граѓаните да ги застапуваш вработените да добијат јубилејна награда. Не е. И треба да се исплате тогаш кога градинката ќе има финансиски средства, дали е зло ако по реакција од страна на граѓани испадниш на оваа говорница и кажиш дека квалитетот на храната е намален. Не е зло и овоа е кажано баш најдобронамерно, не е да се фрле негативна сенка. Трета работа. Не фрлам никаква црна дамка на некаква

манифестација, само сакам да си ги почитувате законските обврски. Ако сте собрале финансиски средства не е спорно, соберете и ставите ги на трансакциска сметка. Така е законски и така треба да функционира било која јавна институција и овоа не е злонамерно и фрлање на негативна енергија, туку овоа е баш добронамерно кажано се со цел да се подобрат условите и не си правиме политички маркетинг, туку баш напротив најдобронамерно укажуваме на одредени работи кои што сметаме дека не се во ред.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колеги од СДСМ многупати ве слушам дека најдобронамерно. Зошто функционирате најдобронамерно и го чекате Советот да ги кажете некои негативности. Ако имате нешто не мора да го чекате Советот, па може да сугерирате или сакате тука да се истакните и да кажите дека нешто не е во ред. Ако е најдобронамерно не се праве секогаш на Совет, тука има и комисии, тука има и вработени кои што се одговорни и во делот на сите области и ако сте вие толку најдобронамерни нема да го кажете тоа на Совет, туку тука на Совет ќе прашате дали реакцијата моја за овој проблем што го имаме ќе прашате до каде стигнале, а не тука да кажувате.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колешке јас не знам зошто имаш проблем дали било на Совет, дали било на Комисија, дали било меѓусебно комуникацијата за одредена работа. Зошто имаш проблем со тоа. Што е функцијата на Советот и на советниците. Да комуницират со граѓаните, да собираат идеи и она што сметат гражаните дека е проблем. И една работа да ти кажам колешке. Ние на почетокот почнаме да формираме тела кои што требаше да решават одредени проблеми, па формираме незнам каква комисија, не знам какво тело за некаква си друга работа и занеш што излева од тие тела кои функционират така. Ништо. Заради тоа што сакавте на почетокот да нема дебата, туку се да се решава на кординација, на тело кое што му беа дадени препораки. Еве за ЈП Паркинг. Намерно формиравме тело, дадиме ли препораки. Што се испоштува од тие препораки. Ништо. И сега морам јас да ја користам говорницата на Советот на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Јас се слагам со колешката. Директорката ако има жалба од родителот соодветнои ќе реагира, тоа нема потреба да се реагира на вака. Ако некој родител е незадоволен од тие што ја посетуват градинката сметам дека и на еден ќе му се удоволеи директорката и вработените се

секогаш достапни и ќе одговорат соодветно на своите барања спрема работните обврски.

ГРАДОНАЧАЛНИК: За да му покажеме на советникот Вуко дека ова што го зборуваме е вистина, нема јас сите да ги презентирам. Од 23-та година значи ако се сеќавате на еден Совет беше споменато дека квалитетот на влезот на храната се носело со при крај рокови, па не знам, не реков јас ти го спомна или било кој дека, општо беше споменато како такво и од тогаш ние како Општина се ви што правите тука муабет и дискутирате и дебатирате, ни после тоа анализираме и презимаме нешто за да се дигне малку на повисоко ниво цела ситуација добронамерно, не да ве негираме, ни дека вие си зборувате многу ми е гајле ако зборуваш, не е така. Значи од 23-та година се направени комисии, јас само би ти покажал еден записник како изгледа да речиме. Еве го воа е од влезот на храната. Да. Ќе ти ги дадиме на увид после да ги видиш и сега пр. да не ги цитирам што е точно влезот, значи точно пишува пр. со рок на употреба до датум 31.01.2026, еве воа е некоја шпагета Сантела 400 гр. разбираш, количина 150 броја, значи количина, број на употреба и сите работи. Комисијата увид извршила Надица Дамова, Боро Ѓорѓиев, Камчева Кристина, Билјана Ристова, Данка Боева и Кристина Темкова. Е сега врз основа на воа што сме единствена општина што правиме ваква контрола се знае тие шпагети за колку деца се и за колку оброци се. Излегуваат требувањаод страна на куварот и кујната и врз основа на требувањата имаме група кај што на дневна основа знаеме колку деца има во кој клон и во која сместувачка група се ,така ја требуваат и храната за дневна основа и врз основа на тоа се праве у трошокот и транспортни листови врз основа оти имаме една централна кујна, транспортни листови од централната кујна до секој клон во кој што се возе храната за градинката. Така да можеби бил кај тебе некој родител и го укажал тоа, не викам не, сигурно бил со добра намера, веројатно сакал и да се додворе нешто до кај тебе, не знам, меѓутоа сега проверив во детската градинка дека нема ниедна преставка или поплака писмена, ниту пак усмена во делот на храната. Јас еве повикувам ако има такво нешто аргументирано да се обратат до раководителот или до директорот, а ако раководителот и директорот не реагират на тоа еве јас стојам на располагање, па еве и цела комисија да видиме во делот на храната и пак ќе ве замолам дај да не правиме нешто што како да кажам кај што нема оган да гасиме оган или

кај што е храна во прашање да зборуваме за децата кај што се најосетлива категорија во делот на храната. Досега се си оде по стандарди и не имало никогаш проблем во делот на храната. Имавме и еден случај кај што на интерно одделение болен леже за шеќер, он сакаше алва да јаде разбираш, меѓутоа докторот не му дозволи, Павле вика не му давам, ти шеќер имаш, нема да јадиш алва, така да си има стандарди и нормативи кој ден што се готве, поготово во градинката, а ќе ги добиеш сега да ги разгледаш додека разговараме само да се релаксираш.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ви благодарам Градоначалник. Почитувани советници бидејќи го исцрпивме претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. 4 против.

15. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Почитувани колеги, почитуван Претседателна Совет, почитуван Градоначалник, почитувана јавност, директори на институции, администрација. Пред да се гласа за културните институции за извештаите сакам само да спомнам дека 2023 може и беше и една од најдобрите години, барем во последната деценија, ако не и повеќе во областа на културата. Не е тоа случајност. Тоа е поради макотрпната работа, пред се на менаџерскиот тим на 4-те институции културни во Кавадарци, после тоа нормално и на вработените во тие институции. Морам исто да го пофалам и Секторот за култура при Општина Кавадарци. Домот на културата еве ќе почнам од институцијата во која што нели сумм вработен реализираше преку 250 настани оваа година од кои што околу 100-тина се наши, значи продукциски на Домот на културата, Феткин Библиотеката реализираше од 40 нели предвидени околу 60, значи 140 и нешто %, Музеј галеријата исто така од предвидени 20,30 има преку 50 настани годишно, имаме прекрасен раст на квалитет пред се, нормално и на квантитет, ама тенденцијата на овие институции да растат и квантитативно и квалитативно е секоја година се повеќе и повеќе, Винскиот Музеј исто оваа година бележи, односно минатата година 23-та бележи прекрасни бројки, со преку 4000 беше Директорке посетители што е искрено една импозантна бројка. Освен оние манифестации кои што ги имаме како традиционални, оние големите манифестации, морам да го пофалам Секторот за култура и останатите културни имституции, пред се како носител еве ќе ја пофалам својата институција да. За Кавадаречкото

културно лето, 2023 Кавадаречкото Културно лето беше беше буквален бум пред се со одлуката да се смене локацијата од 12-те Деца да се преместе на самиот плоштад и да тие 2 месеца уживаме во преку 50 настани. Тоа беше рај за очите искрено, кога излегував на плоштадот и пред се тенденцијата беше да се има настани, што повеќе настани за децата. Се успеа во тоа. Дури и преуспешно и се поставија нови стандарди кои што верувам дека еве оваа година веќе ќе ги достигниме и ќе ги надминиме. Уште еднаш тоа ми беше само излегувањето, сакам да му се заблагодарам на Секторот култура, сакам да се заблагодарам на менаџерите на културните институции и на сите вработени, односно сите културни дејци во градот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Диме. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Вака колеги значи со 21-ва точка пред да расправаме за Комуналец предлагам да дадам 5 минути пауза, со тоа што има уште две точки.

16. Годишна сметкана ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;

Тоа е 16-та точка од Дневниот ред. Едногласно.

17. Годишен Извештај за работа на 2023 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

18. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
19. Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

20. Годишна сметка за 2023 година на Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930 АД Кавадарци;

Тоа е 20-та точка од денешниот Дневен ред. Едногласно усвоена.

21. Годишна сметка за 2023 година на АД ГРК Тиквеш 2014 година.

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

Почитувани имаме пауза од 5 минути пред продолжување на Дневниот ред..(Пауза)

Почитувани колеги ја продолжуваме 40-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Во разговор со менаџерката на ЈОУ Локален Вински Музеј Кавадарци има неодложна работа, што

не обврзува 3-те точки да ги поминеме сега пред дискусијата на ЈП Комуналец и во интерес на времето ја ставам таа точка за Локален Вински Музеј.

33.Годишен Извештај за работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колеги советници, Градоначалник, Претседател. Се јавив за збор по основ на оваа точка не дека не знаеме како работи и колку е успешен Локалниот Вински Музеј, но се јавив за цел да слушнат уште еднаш советниците од СДСМ, бидејќи кога се работи за Локален Вински Музеј ниту програма, ниту план, ниту годишни извештаи никогаш не го гласале. Само да ги потсетам бидејќи забораваат и не знам од кои причини секогаш гласаат негативно, само да им кажам Локален Вински Музеј во текот на изминатава година има повеќе од 30 настани со посетеност од над 4200 посетители. Вкупно за 3 години постоење на Локален Вински Музеј присуствувале, односно го посетиле над 12 000 посетители. Не можат да се набројат настаните кои што ги организирале, меѓународно оценување на вино и ракија, научни трибини како до поквалитетно вино и ракија, локални колонии со хуманитарни цели, ликовни изложби на реномирани учесници и презентирање на културното археолошко наследство и сите други поврзани дејствија со одгледувањето на виновата лоза за ракија и вино. Исто така се потпишани 3 меморандума за соработка со реномирани здруженија во делот на винскиот туризам, одбележувањето на празникот Св. Трифун, Гроздоберот, секаде се присутни во делот на тие организации, вински натпревари во делот на т.н. вински натпревар Вранец, Денот на станушината, организатор на детски базари, организатор и партнер во Општината при значајни културни манифестации како што се Тиквешкиот Гроздобер, Св. Трифун и др. Исто така голема благодарност до Директорката на Локалниот Вински Музеј бидејќи таа беше една од иницијаторите и организаторите на отварањето на Спомен соба на 12-те Деца во Моклиште, под нејна организација и под нејно раководство ги направија сите работи за тоа денес што го имаме 12-те бисти на Спомен паркот 12 Младинци и Спомен собата. Исто така ја прошириja својата дејност во рамките на продажба на вино и вински продукти, а исто така во постапка е каде што се отвара уште една нова локација каде што ќе се продава вино и вински производи. Со ова сметам дека работата на ваквиот Вински Музеј е од големо значење, не

само на градот и на нашата Општина, туку на целата Тиквешија и во Македонија. Сите знаеме колку посетители и какви врвни амбасадори го посетиле и со какви импресии останале во делот на Винскиот Музеј затоа колеги од СДСМ сакам да ве потсетам на значењето, работата и пожртвуваноста на вработените, а не вие секогаш од секој дел од секоја работа што се однесува на институциите од Локалната Самоуправа гледате со негативност, не гласате ни планови, ни програми и секогаш ви се негативни кометарите. За жал тоа е ваше, а граѓаните гледаат што се работи и како се работи.

34.Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година, донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;

35.Годишен Извештај за работата наГрадска винотека ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година , донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;

36.Годишна сметка на Градска винотека ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година , донесена од Управен одбор на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2023 година;

Едногласно.

37.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, без надомест дел од објект ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе „ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно. Директорке ви се заблагодарувам за присуството, слободни сте.

Значи се враќаме на точката 22.

22. Годишен Извештај за работа на 2023 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци,донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, почитувани советници јас ќе зборувам и за следната точка, за Финансовиот Извештај, да ги споиме двете дискусии бидејќи се слични. ЈП Комуналец функционира со 6 сектори во кои има 13 одделенија, од кои 3 посебни одделенија кои не се секторски поврзани. Во изминатата година можам да кажам дека сите сектори работеа беспрекорно, некои работеа и повеќе од тоа што сме го предвиделе како некоја динамика со што доаѓа до еден комплетен резултат во целокупното работење на претпријатието, како оперативно, така и финансиски и материјално со што јас лично сум задоволен иако секогаш можеме повеќе, оваа година ќе изработиме уште повеќе, затоа што знаеме да работиме и имаме неисцрпна желба за работа и јас како менаџер на претпријатието, меѓутоа и сите останати 330 вработени. На

почетокот сакам да нотирам два моменти во работењето кои мене ми оставија посебен впечаток минатата година, а тоа се воведувањето на работните налози по препораките на консултантите од КФВ Банката, како и воведување на зимската служба од страна на ЈП Комуналец. Со имплементацијата на системот за работни налози го врзавме софтверски, оперативното работење со магацинското, односно материјалното. Ова е еден новитет кој што би го препорачал на сите институции да го имплеметираат со што би имале целосна контрола на оперативното работење и износ на материјали од претпријатието како и целокупниот финансиски трошок на одредени дефекти и реконструкција, буквално не смее некој вентил да се смене на некоја локација локацијабез да се отвори работен налог и вториот момент на кој што сум лично задоволен тоа е воведувањето на зимската служба за која многу луѓе беа скептици дека ќе успееме, на крајот можам да кажам дека успеавме. После успешната зимска сезона сакам да искажам јавна благодарност за сите работници кои беа вклучени 24-часовно во чистењето на снегот како од градското подрачје, така и од најодалечените места на планината Кожуф. Исто сакам да искажам и благодарност за компанијата ЈА-МИ која ни ги даде на користење без никаков надомест комплетно опремата за зимска служба како и двата камиони, секаде пристигнувавме и секаде одговоривме на висина на задачата. Во Секторот Водовод освен тековните активности со новите приклучоци кои што ги завршивме во Брушани имавме и доста реконструкции на водоводната мрежа и тоа на улицата Клинска, Галишка, Ѓорѓи Соколов, Дешка Тошева, Марена кај Малерич, улица Индустриска со комплет нови приклучоци, како и замена на главни регулациони вентили на повеќе локации, кои биле подолго време оштетени и предизвикувале одредени загуби на вода. Овде функционира и градежната група, која работи по програма со Општината, но и на асфалтирање и на бетонирање на сите ровови и ископи од одредени дефекти и реконструкции кои што ги работиме. Во Секторот Канализација минатата година го доработивме колекторот, потоа извршивме реконструкција на улиците Јадранска, Клинска, Ѓуро Ѓаковиќ, Галишка, Владимир Насдзор, Личка, Брушанска, нов објект на Црвен Крст, Булевар Македонија кај Кицо, Борис Кидриќ, Блажо Алексов кај Белка зградите, Дешка Тошева, Страшо Пинџур, Домовица, Ѓоре Брушански како и многу други улици кои останатите претпријатија не можат ни да ги напишат, а камоли да ги реконструираат, затоа што на крајот збирот на овие

реконструкции не е во метри, туку е во километри изразено. Посебно сакам да ја истакнам реконструкцијата на преминот на фекалниот колектор позади болницата каде се изврши комплет промена на текот на речното корито, па се направи каскада со бетонски праг и крилни ѕидови. Исто така секторите Водовод и канализација активно беа вклучени во КФБ Проектот кој што е еден од подобрите проекти кој што му се случи на градот во изминатите години. Во делот на износ на смет се врши услуга на 13 000 домаќинства, како и 1250 правни субјекти. Со набавката на двете авто ѓубрарки се зголеми ефикасноста на работењето како и со одлуката на износ на смет во Поткожувјето, но и Брушански и Ресавски Залив зголемена е активноста на ова одделение со што дополнително хигиената на градот, но и во останатите села е на највисоко ниво, набавивме 60 нови контејнери од 1 м3 и со предвидената набавка на 100 нови контејнери оваа година улицата од прва и дел од втора категорија во градот ќе бидат целосно заменети со нови. Во одделението Механизација морам да искажам задоволство што постојано вршиме намалување на трошоците за резервни делови, тоа е поради новите возила кои ги набавивме, меѓутоа и новиот тим на одговорни лица, кои целосно и навремено ги одржуваат возилата со што дефектите се значително намалени. Исто така сакам да укажам дека и покрај воведувањето на зимската служба, како и зголемувањето на активностите трошоците за нафта се идентични како и претходната година. Исто така од добрата реализација на КФВ Проектот и домаќинското работење, обезбедивме нов скип и багер и мулчер за потребите на ЈП Комуналец. Одделението за јавна хигиена и минатата година беспрекорно ја држеше на високо ниво хигиената во градот и покрај тоа што градежните активности на компаниите се одвиваа и во зимскиот период и со тоа се правеше и кал на одредени улици и булевари низ градот, сепак успешно се справивме со сите проблеми, а минатата година во јуни месец имавме 4 поплави каде што ова одделение заедно со другите одделенија на ова ЈП Комуналец за рекордно време ја враќаше хигиената во градот на накус можен рок. Се модернизиравме со една еко електрична метларка и една електрична правосмукалка кои што ги гледате секојдневно активни низ градот. Исто така сакам да напоменам дека поради големиот број на посетители на Гроздоберот во месец септември само во делот каде се одржуваше манифестацијата Тиквешки Гроздобер, околу центарот на градот за 3 дена беа собрани над 500 м3

отпад, кое што е на високо ниво, кое што ниедно друго претпријатие во Македонија нема таков капацитет за толку краток период да собери таква количина на отпад. Хотикултурното уредување продолжува во соработка со Мој Општинар и останатите служби на Општината со што тековно се одржуваат зелените површини и се подигаат нови. Проектот со цвеќарата се реализира и оваа година очекуваме да произведиме и засадиме над 20 000 цвеќиња, што е за 4 пати повеќе од минатите години и идејата за цветен град оваа година ќе биде реализирана со што Кавадарци ќе биде пример во државата како од сопствено производство ќе го разубавиме она што го имаме во моментот. Правниотг и финансискиот сектор имаа зголемени активности со оптужување на заостанати долгови и наплата на истите, додека одделението за наплата и изготвување на сметки имаше ажурирање на површините кај сите големи правни лица и кај некои физички, како и со воведувањето на износ на смет на селата во Поткожувјето и Брушани и Ресавски Залив површината се зголеми за 9,3 000 000 м2. Тоа е еден зголемен приход, меѓутоа и зголемени обврски и ангажмани на ЈП. Забележано е зголемено фактурирање вода кај правните лица и кај дуќаните, меѓутоа намалено е кај физичките лица. За причината за намалувањето на фактурирање во овие 6 месеци откако сум директор имам најмалку 10 пати јавно зборувано кои се причините и мислам дека излишно е повеќе оваа тема да се разговара. Во делот на Финансискиот извештај, поточно следната точка, скам да потенцирам дека и покрај сите шпекулации дека ЈП Комуналец е во загуба, дека ќе одел во стечај, па не знам уште што не се изнаслушавме овој период, сите можеме да видиме дека не е така, дека некои деструктивни структури сами се демантираа и дека ЈП Комуналец има искажано одредена добивка која е во рамките на нормалните граници за да може тековно да функционира. Секој денар го инвестиравме и со тоа услугите кои што ги даваме на граѓаните се на највисоко ниво. Во табеларниот преглед може да увидите дека имаме зголемен приход по основ на вода и канализација, износ на смет, промена на водомери, реализација по програмата со Општината ЈПП и зеленило е над 95%, како и првпат имаме одреден приход од зимската служба по програма со Општината. Додека имаме намалени приходи исклучиво од хидроцентрали и погребалните услуги. Приходите од централите се намалени само во споредба од 2022 година, бидејќи тогаш цента на ел. енергија беше многу повисока, додека со останатите години 2021, 2020, 2019 се

речиси идентични со 2023. Во делот на трошоците најмногу зголемување имаме по основ на плата. Тоа не поради нови вработувања, тоа најодговорно го тврдам, туку поради 2 пати по 10% зголемување на платата. Зголемени се трошоците по основ на набавка на суровини и материјали, а тоа исклучиво поради големите реконструкции кои што ги имавме во изминатиов период. Сите останати трошоци се намалени и со едно домаќинско и одговорно работење можеме да заклучиме дека ЈП Комуналец само во 2023 година ја зголеми вредноста на основните средства за 100 000 000 денари или над 1,5 000 000 евра или поточно 25% ги зголемивме вкупните основни средства на ЈП Комуналец за само една година. Вистински пример како треба да се работи и менаџира и со тоа можете да бидете сите горди, бидејќи на овој капитал кој што го реализиравме во 2023 година,не е нитумој, ниту на Градоначалникот, ниту на кој било поединец, овој капитал останува на идните генерации кои доаѓаат поле нас.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, го слушав образложението од страна на директорот, меѓутоа Директоре не дојдовте пред Нова Година на седницата кога баравте 4 000 000 денара финансиски средства, ни претставувате тука дека финснсиската ситуација е розова, дека е многу добра, а пред Нова Година еве го барањето, Барање за обезбедување на парични средства од Општина Кавадарци до ЈП Комуналец Кавадарци. ЈП Комуналец Кавадарци во 2023 година бара од Општината да му одобре парични средства во износ од 4 000 000 денара. Ако е толку розова и добра состојбата ко што тврдите, не знам зошто сте ги барале овие финансиски средства и не знам зошто вие лично не дојдовте на таа седница тука да ни образложите тогаш зошто ви се потребни тие финансиски средства за ЈП Комуналец. Цела година, не само ваа и претходната разговараме тука за ЈП Комуналец и за тоа како работи, вие сте само во еден дел и еден сегмент директор и ви го спомнав тоа и претходниот пат дека на ваш терет паднаа сите зголемувања на цени на оноа што претставува комунални услуги, односно сите ставки кои што се дел од сметката за ЈП Комуналец и на Износ на смет и на Јавно зеленило и на Јавна чистота и на вода. Ако направите споредба со пред 5 години и ги споредите тие цени во овоа што го имаме денеска, на пр. за Вода било 14 денара тогаш и Митко викал цената не е многу висока, меѓутоа јас нема да ја покачам и како тргува уште во прва мандат постојано покачува и Износ на смет и Вода и Јавно зеленило и Јавна

чистота. Ако направите некаква си груба проценка и математика х3 се зголемени сметките за комунални услуги од 2017 крајот, па до ден денеска. Покрај сите гтие зголемувања кои што ги имавте ЈП Комуналец, кој што претходно генерирал добивка и таа добивка сега ја става Општината во она што претставува буџет, односно Финансиски план и знесува негде околу 150 000 000 денара, генерирани добивки во минати години за првпат по незнам колку време и по незнам колку години поминати ЈП се соочува со проблеми финансиски, односно од ликвиден аспект, односно за првпат на крајот на минатата година ви требеа 4 000 000 денара потребни за да можете да ја завршите и да ја финиширате годината и затоа ги побаравте тие финансиски средства од страна на Општината. Во однос на износот на смет во голем дел, во еден дел од руралните средини претходно не наплаќавте износ на смет, сега воведовте и таму да се наплаќа износ на смет . Така да овоа образложение дека сте имале зголемен број на работа е во ред, меѓутоа исто така во одредени места, на пр. во с.Сопот не сте наплаќале износ на смет, во Брушани не сте наплаќале износ на смет, сега наплаќате и со тоа генерирате плус финансиски средства као ЈП меѓутоа проблемот е тоа што постојано се кусо и постојано се малку. Јас верувам дека сега пошто е предизборна кампања и не ви е од пијар аспект не ви е добро да си ја ставате пак точка за зголемување, меѓутоа тоа јас очекувам во летниот период овака како што тера работата во летниот период пак ни ставате таква точка на дневен ред и после пак ќе не убедувате дека ЈП многу добро, најдобро, најболје, најдобро функционира и сл. Најголем трошок ако ја гледате расходната структура ви е трошокот за плати 177 000 000 денара изнесуват бруто платите и имат трошок за регрес околу 8 000 000 денара или вкупно ако го земиме ко процент од вкупните расходи изнесуваат негде 65% што во суштина претставуват терет на ЈП не знам колку пати треба да го кажам тоа за да може да видете што е тоа што ве тоне и што ви е терет на ЈП при што е земена во вкупната математика и амортизацијата, што во суштина не е финансиски трошок, туку е трошење на оние опреми, опрема, постојки, згради и што се имате ко движно и недвижно средство. Минатата седница ни дадовте една анализа за загубите на водата и кога ќе седниш Градоначалник да ја читаш оваа Изборна Програма тука си изнаведил ајле работи. Вика мерачи за проток на вода, пронаоѓање на големите загуби на вода, поставување на водомери на сите зелени површини, изнаоѓање на

алтернативно решение за наводнување, копање на бунари, инвеститор Општина Кавадарци. Вие наместо овоа да го направите, ние овоа ви го бараме, еве го и колегата Сакалиев е тука, ние овоа ви го бараме да го направите, а ви ни дадите некакваси паушална power point презентација со која што у Македонија и се магистрирало, така тоа се ваши зборови, значи наместо да го направите овоа и да ни дадете јасна и прецизна математика, ви ни дадите паушална power point презентација која што се базира само на претпоставки.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика има Директорот.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: На почетокот на дискусијата во моето излагање кажав дека една од поголемите работи која што ја воведивме 2023 година, тоа е имплементација на работните налози од КФБ Банката. Со тие работни налози ние имаме буквално секој еден проект и секоја една реконструкција колку не кошта. Поради поплавите кои што беа во месец јуни, позади Општа Болница Кавадарци беше скинат колекторот, тоа е невреме, тоа не е никој виновен за таа ситуација и не знаеме таа ситуација кога би можела да настане на друго место. Од тој проект кој што го имаме реализирано преку работните налози гледаме дека има трошоци во висина од 4 000 000 денара само во тој објект, само на таа реконструкција која што не сме ја планирале, меѓутоа и не можиш така да ја оставиш да течат фекалиите во реката, бидејќи тие средства и тие трошоци не ни беа предвидени и планирани во буџетот во 2023 година решивме на крајот од годината поради зголемените трошоци за оваа работа тие пари да ги побараме од Општината да му ги фактурираме нив. Тоа беше цела таа работа тие барања за тие пари од Општината кои што ги побаравме пред Нова Година. Во однос на Износ на смет во селата кои што сега сме ги наплаќале, во минатаото не се ни изнесувало смет, знаеме ние во градот како се изнесуваше сметот, не па во селата. Тоа беше мисловна именка. За загубите за вода јас реков дека нема повеќе да ги елаборирам тука, тие беа направени исклучиво врз литература која што ја имплементираа во својот извештај луѓето кои што се експерти за водовод и канализација и кои имаат повеќегодишно искуство во ЈП Комуналец.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да одговорам на тоа што бев повикан во делот како Градоначалник на ЈП Комуналец и во таа мојата предизборна програма што е завршена, таа е 90%

завршена ни новата ја пишиме, они уште старата ја коментират, значи точно е алтернативни извори за наводнување пишува во програмата и направивме, направивме 2 бунара, односно 2 бушатини спроти депото и таму има 10 литри вода во секунда секогаш и ете дневно можеш да видиш колку земјоделски машини, трактори, индивидуалци таму полнат вода. Второ Градскиот парк не се наводнува веќе од системот на Лукар, него се наводнува од бушетина која што е направена и цистерна направена од 20 м3 до Спомен одбележјето Костурница и со капка по капка распрскувачи се наводнува, се одржува Градскиот парк, исто направивме бушетина на Глишиќ на самото фудбалско игралиште и кај што имаме пумпа ставено литро вода во секунда, ја имаме и ја акумулираме во цистерна од 5 000 литра, после тоа времено се наводнува самото фудбалско игралиште во Глишиќ и работиме на уште такви места или ситуации каде што ќе најдиме вода и да направиме бушетини за да алтернативно ние не ја користиме водата од Лукар и покрај тоа што има вишок на самата вода, меѓутоа тоа не зависи само од нас советниче сеа, у секоја бушотина не излегува вода, имаме и две промашени бушотини, една бушотина е кај старата котлара, токму до Северен Булевар и другата бушотина е погоре, на црквата Св. Петка кај што направивме бушотини од 70м нема вода или има незадоволителна количина на вода, ни беше целта тука да го врзиме цел Нов центар да се наводнува со вода од бунарски систем, така да тоа не е заборавено, почнато е и не е ни завршено, тоа има можност да се истражува и размислува многу за таа тема. Во делот за Износот на комунален смет што викат они не сте наплаќале во Сопот, сега наплаќате, директорот го одговори тоа, ама јас ќе го потврдам пошто не е во негово време. Општина Кавадарци комунален износ не вршеше, не вршеше во Дреново, во селата Ресава, Бегниште и Дабниште, Сопот, а не па у под Планината Кожуф селата, значи воопшто не вршеше износ на смет, како да ти го објаснам тоа не знам, сега од ваа гледна точка може тебе ти е несмислено тоа, не вршеше, ја воведовме и се договоривме со урбаните заедници таму, со месните заедници поготово во Сопот, Дреново затоа што имаат луѓето куќи и со одлука на претходен Совет е донесена одлука и тоа вака важечка одлука да за покриениот простор му се наплаќа соодветно по покриен простор, а за отворениот простор, во случајот двор не се наплате повеќе од 150 или 200 квадрати, сега не ме фаќај за збор. Зошто. Затоа што имаат ниви, бавчи големи и

треба да платат многу затоа што тоа е село, така да еве јас слободно би ти дал за право да си земиш за обврска со директорот да направите анализа од Сопот ѓубрето што го фрламе од Сопот и приходот што го имаме врз основа на комунален износ, напрај ја математиката и кажи ми да, тука има ќар или нема ќар. Нас ни е битна екологијата, нас ни е битна Општина Кавадарци е пример за хигиена, нас ни е битно дека Општина Кавадарци е најчиста општина во цела територија на Р. Македонија, нас ни е битно дека депонијата претходно цело лето и цело зимо гореше и чуреше, го памтиш тоа, си го сликал, си го објавувал, како партија ти зборам, пред да дојдам. Депонијата се нема запалено ниеден ден затоа што ја третираме така баш како што треба, 3 према 1 со земја. Имаше една многу убава репортажа на телевизија од 4, 5 минути од слетување на авион, па пристигнување во Скопје, од влегување Табановце до пристигнување во Скопје, од влегување на Богородица па пристигнување во Скопје репортажа на телевизија ќе си ја видиш, ќе ти ја пратам после, страшна работа, реално страшна работа. Оние полицајци што ги поставивте на секои 600 м. до Скопје да не може човек да појде, околу нив ѓубрето не можете да си го исчистите, што го прават секојдневно, гледате телевизија, пратите, најголемите делегации кај што се пречекуваат во Скопје пре Влада дрвата се исушени, тревата е диво изникната, напуштена работа. Еве јас ги замолувам истите тие што ја правеа таа репоража да дојдат на Општина Кавадарци да ја направат. Ќе мислат дека се во Швајцарија. Значи хигиената и одржувањето на Град Кавадарци е на највисоко можно ниво и ќе биде подобро и подобро. Прва општина што донесивме машински метларки, ги донесиме се чудеа другите, буквално така е сега да си правиме реално муабет. Знаиш кој беше изговорот на еден поранешен шеф на Хигиена, воа вика нафта ќе троше, како ќе метиме, ами нија метларот што оде нели му плаќаме дневница. Која е ефикасноста од него, која е ефикасноста од машината, значи буквално за хигиена во градот и по селата и за диви депонии јас мислам дека сме тука неприкосновени и за водоснабдување, нешто и среќа не служе, немаме големи дефекти, а имаме и добра понуда во водоснабдувањето, алтернативен систем за водоснабдување, скада систем претходнонаправен, конструирана мрежа, над 40%, сега сме над 60 % со двата КФВ проекти и реално мислам дека сме ок. 30% изградена нова атмосферска мрежа, силна што е под земја што веќе не го коментираме. Мито Хаџи Василев, 7-ми

Септември, Вишешница, Кочо Рацин и било кој не ги коментираме, нели ги коментиравме дека спора била изведбата, ваква, наква, е не била спора, напротив КВФ минатата недела беа тука на цело со Германците и викат ќе продолжат со четврт проект, значи очекуваме може ќе биде биде и четврт грант 3 000 000 евра и 2,5 или 1,5 000 000, не е битно, у иста насока ќе го продолжиме грантот, значи тие луѓе виделе нешто дека тука се работе како што треба. Ако не работиш како што треба, јас не си го препишувам тоа за себе да се разбериме и изведувачот беше како што треба и раководителите во Комуналец и има тука многу денови изгубено после работно време до 10, до 23 часот, состаноци, образложување, без никој да побара ни дополнителни саати, ни сабота, ни недела, ни понеделник и тоа е за почит за едно ЈП како што е нашето ...во државата и воа ќе ти кажам сега не сакав да ти кажам. За 8-ми Март или пред 8-ми Март ги донесите тука вашите другарки од СДСМ на марш така. Најмалку 40 ме поздравија од кој што беше бројот донесен и викат Браво Градоначалниче ваков чист град немаме видено. Јас не ги терав тоа да го зборуват они, значи, доблесни се, ама доблесни се на реалноста дека е чист градот и уреден. Тоа е благодарение на ЈП Комуналец. Ако ние обемот на работа на хигиената и износот на смет го намалиме ние ќе имаме плус добивка 20%. Дали е тоа во ред. Во ред е она што го правиме. Во понеделникот имавме презентација со одлука на Совет на јавен повик со одлука на Совет избрана компанија бесплатно да го врше собирањето на хартија одвоено од комуналниот отпад. Очекувани се тука 30 до 35% габаритетот кој што го имаме на дневна основа со нашите возила што го носиме на депонијата Мелци да се намали и да таа фирма хартијата ја сорбира односно ја собери и ја рециклира. Е тука треба да работиме и работиме тука. Без тоа никаков трошок дополнителен нема ниту на компаниите, ниту на граѓаните. Компанијата интересот ќе си го најде во собирањето на хартијата и во нејзиното понатамошно рециклирање или продажба на хартија. Најтешка за продажба е хартијата. Најлесна е пластиката, а невозможна е на стаклото во Македонија, за жал. Така да рециклирањето ќе го олесне работењето на ЈП Комуналец и еве од оваа говорница повикувам дека од наредниот понеделник нашите инспекциски служби комплетно ќе вршат увид во сите правни субјекти, поготово продавници каде што ги имаме во централна зона, вонцентрална зона кај што го фрлаат отпадокот, комерцијален отпад од нивните продукти кои

што ги продаваат ги замолувам да ги депонират во соодветниот контејнер за хартија, н е во контејнерот за комунален отпад. 120 канти се обезбедени донација, ќе ги дадиме во едно маало така рековме, ќе определе ЈП Комуналец кај да биде пробно да имаат дополнителна канта само за хартија и таму ќе почниме и селектиивно ќе работиме на тоа да ја подигниме свеста на селектирање на отпадот. Во тоа ќе заштедиме, а ова што кажавте дека после избори пак ќе се дигне цената, не. Дека беше водата 13 денара 14 беше, дека беше нафтата 40 денара беше и паушалот од совтниците 2017 година беше 14 000 денара, сега е 24 000. Се е покачено. Колку е Сакалиев ти си цел живот советник, а колку беше 2015.Значи упола.Такада она кога го зборувате и викате дека сте успеале да ги дигните платите, значи штом дигаш плата спиралата ја отвараш и се оде нагоре. Тука нема дилема. Битно е да ЈП тоа што треба да го работе да го заврше навремено, да го заврше квалитетно и да граѓаните бидат задоволни. Опремата која што ја има ЈП Комуналец е на завидно добро ниво за една приватна компанија еве сериозно ти кажувам, за приватна компанија и сега имавме повик МЖСПП на 150 000 000 денара опрема за комунални возила за износ на комунален смет само за рурални средини и јас викам тоа е прав потег, не се лутиме ние градовите кои што можевме сами да си купиме ѓубрарки, него руралните средини како Чашка, Зелениково Општина и сега да не ги именувам понатаки да аплицираат за грант за ѓубрарка за да воведат комунален износ на комунален отпад, значи ние сме понапред 5 години, го воведивме и во Сопот и во Дреново и во Поткожувјето и нема ниедно населено место каде што не фрламе комунален отпад. Тоа е мислам што можеме да направиме повеќе од тоа. Селекција, после селекцијата рециклажа и од тука натаки да ги пратиме трендовите, така да добро е еве и ти што се согласуваш со сево ова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Вуко Мелов реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Овоа со маршот ми изгледа на незнам дали се сеќаваш и во предизборна кампања и тука на говорница неколку пати кажуваш една иста фора дека те сретнал некој и ти рекол Е многу ми е криво за тебе што не гласав и тоа го кажуваш 5 пати. Некаква таква фора ти е овоа која што си ја кажуваш постојано канема едноставно што друго да кажиш. Во однос на горивата еве табела пошто мора овака више пошто постојано се манипулирате и си лажите 2012 година први месец Еуро супер 95 77 денара,

98 е 79 денара и Дизел 70 денара, 2012, еве 2013 82, еве 2014 пак ли беше економска криза 77, па паѓа 2015, 2016 и 2017 на 65 денара, 67 денара и вака сега да ти кажам друга работа 2019 година 58 денара, а незнам дали се сеќаваш кога првпат го зголеми цената на износ на смет. Во 2019 година бе Митко. Значи ка ќе испаднеш да зборуваш припреми се со бројки пошто више мора овака. Толку за цената на нафтата колку била и што била. 2022 имаме покачување. Значи ги намалите ли цените. Не ги намалите.. Друга работа. Ми зборуваш за диви депонии во Скопје. Како не сум гледал телевизија, сум гледал телевизија, па ваши градоначалници го прават тоа. Александар Стојановски ли, Стојковски ли, кој што е градоначаник ми се чине на Ѓорче Петров е градоначалник од СДСМ или од ВМРО кој што го фанаа буквално како на приватен имот носе ѓубре и праве дива депонија, самата Општина прави дива депонија и му плаќа на приватен сопственик за ставањето на, односно за износот на тој смет на дива депонија и тоа го прави градоначалник на ВМРО ДПМНЕ да не се лажиме сега. Данела Арсовска лидерот кој што ти е сега многу близок а шеташе за рака по Скопје и викаше Еве ја мајката на градот, сите проблеми ќе ги реши и на крајот излези да не може износ на смет да решите и сега во споредба со тоа, ти си добар, во споредба со Данела Арсовска ти си добар, сестра ти беше, во споредба со Данела Арсовска ти си добар. Во однос на анализата која што ни ја дадите минатиот пат сам себе си ја демантираш анализата знаиш зошто. Заради тоа што кажуваш дека одредени зелени површини на територија на Општина Кавадарци се наводнуват преку бунари, односно од системот Лукар, а во самата анализа ги ставате сите зелени површини дека се наводнуват од Лукар, односно дека тоа е дел од загубата на водата. Е толку вреде вашата како се вика анализа, една седница зборуваш едно, другата друго, заборaваш што зборуваш и на крај себе се побиваш и како јас утре таа анализа да ја земам за валидна, ка сам си ја негираш анализата и на крајот на денот мерачи за проток на вода сам признаваш во твојата изборна програма вика Пронаоѓање на големите загуби на вода, не вика правење на анализа за оправдување на загубите на вода, туку пронаоѓање на големите загуби на вода со поставување на водомери секаде онаму каде што треба, односно кај што се наводнуват зелени површини.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Нема да должам многу значи секогаш кога станува збор за Комуналец и на претходната седница и на оваа седница еднате иста матрица Водата е

покачена не знам што. Значи на дневен ред ни е Извештајот за работа на Комуналец. Можам да набројам еден куп работи тука кои што се ставени во ваквото, меѓутоа во интерес на времето ќе скратам, ќе се осврнам само на Финасискиот извештај на Комуналец каде што точно е утврдено дека ЈП Комуналец ниту праве некои големи добивки у смисла да останувaат средства кои што се нераспределени, односно работи точно онака колку што треба и е предвидено да ЈП биде одржливо, да може да ги задоволи потребите на граѓаните. Досега работе прекрасно, како што кажа и Градоначалникот претходно континуирано имаме пофалби за хигиената на градот, пофалби од граѓаните дека редовно се сервисират дефектите кои што се дешават во текот на работењето и нема никогаш не сме дошле до ситуација да имаме рестрикции за користење на вода.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за и 3 против.

23. Годишна сметка и финансиски извештај на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

12 за. 3 против.

24. Годишен Извештај за работа за 2023 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Едногласно.

Ги завршивме точките од Комуналец. Му благодарам на менаџментот. Може да си одберат дали сакаат да слушат или. Одиме со точките од Паркинг.

25. Годишен Извештај за работа за 2023 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2023 година.

Повелите дали има некој за збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колеги од она што го гледам како Финансиски извештај до минатата година имавме пониски приходи од субвенции и дотации, јас искрено да ви кажам сабајлето и се изненадив од износот кој што го видов 10 400 000 денара кои што сме ги дале како Општина на ЈП. Значи ЈП не е во добивка ко што напишал тој што го изготвува веројатно Финасискиот Извештај, туку е длабоко во загуба. Покрај тоа што како ЈП имаме најголем опфат на улици на платен паркинг, имаме една од повисоките цени на јавен паркинг во Македонија, на пр. во Битола блок карта за 2 часа чини колку 1 час паркирање во Општина Кавадарци, исто во Прилеп, во катна гаража во Прилеп за 60 денари имате 8 часа паркирање, кај нас се наплаќа од час и не ми е јасно како покрај сите овие разлики во однос на другите ЈП-ја во делот на

поголем опфат на улици во делот на високи цени за билети за паркирање како ЈП е во загуба, буквално голема, ако ги тргните настрана она што претставува ова дотација од Општината. Пред некоја седница донесовме одлука на Совет дека сите оние непрописно паркирани возила ќе ги тргаме и уште тогаш ви реков дека треба да размислиме во однос на таа работа не заради тоа што треба да се паркира на улица, односно на непрописно место, туку заради тоа што на одредени граѓани не им нудиме алтернатива во одредени улици и во одредени места каде да паркираат и на крајот на денот имате одлука, а истата не може да ја спроведите. И на крај овоа е од жителите кои што не ги опфаќа, пред некоја седница донесивме одлука за ослободување на, односно за плаќање на повластена паркинг карта за одредени рурални средини и мојот предлог е да влезат и Сопот и Марена како рурални средини во таа работа. Се обратија одредени граѓани до мене, имат мислам собрано и потписи и иницијатива. Ставено е . Добро. Ок веројатно мој пропуст значи да се ослободат тие граѓани заради тоа што истите го бараат тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. 5 против.

26. Годишна сметка на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2023 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

10 за. 5 против.

27. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата;

Едногласно.

28. Годишна сметка на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци донесена од УО на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно.

34.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Анекс договор за уредување на начинот на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и взаемните односи за изградба на станбени згради врз основа на извод од Урбанистички План со намена А2-домување во станбени згради, склучен помеѓу Општина Кавадарци и правното лице ТПТУ ИГМ-ТРЕЈД Илија и други ДОО Кавадарци;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

35.Предлог-Одлука за давање Стручен Наод и мислење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за спроведување на постапката за изградба на ски патека и ски лифтсо пропратни објекти, јужно до детско одмаралиште Михајлово КО Конопиште;

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи на претходно дадена согласност, односно на трајно користење на земјиштето со одлука на Влада на ЈП за стопанисување со спортски објекти како спортски објект во кој што во иднина ќе влезе ски патеката на „Мито Хаџи Василев Јасмин„ и врз основа на направен стручен наод и проценка на дрвја и шума која што треба да се отстране и направено нели во делот на вредноста на сето тоа, со ова даваме согласност за Спортскиот Центар Јасмин да си поведе постапка за тендерирање на отстранување на дрвната маса за нејзино понатамошно располагање врз основа на тендерот со цел да се изгради ски патеката која што со должина од 450 метра и со ширина од 50-тина метри. Во понатамошната постапка ќе следи уредување на самата патека со дренажа, па во физибилити студијата која што ќе премине во проект е ставено да самата патека има и осветлување за ноќно скијање и има инсталирање на подземна инфраструктура во делот на водоводна инсталација со цел да може понатаки да се ставе и доколку има потреба од топови за вештачки снег со одржување на самата сезона или за давање на поголема можност на скијачката сезона. Ова патека не е замислена да биде за скијачки центар, не е замислена да биде за некаков вид на мегаломански и скијачки центар кој што би професионално функционирал, него главната цел и улога на самата патека да биде инсталирана ски котва која што ќе овозможи прво најмлади основно и средно образование да по физичко и другите активности што ги имат во самото школо ја користат во делот на учењето на скијање и нивната рекреација, меѓутоа ќе може и секоједен сограѓанин наш и од околината да ја користи врз основа на утврдени цени, дневни билети, полудневни билети и сезонски билети или како ќе бидат доставени врз основа на Спортскиот Центар Јасмин. Како можност на нашата општина и територија која што ја имаме, а тоа е Планината Кожуф и токму инфраструктурата која што ја поседуваме до Михајлово, сами знаете дека пред 4 години преку Светска Банка се реконструира патниот правец до Караулата, со одлука на Влада ја земавме во трајно користење и Караулата на Општина Кавадарци и земјиштето по донесувањето на урбанизацијата влезе во трајно користење на Спортскиот Центар Јасминмое очекување се да тоа таму се развие и да се искористе постоечката инфраструктура која што ја имаме, а пред се за најмладите да може да психофизички, здраствено добро растат, се рекреираат и овој спорт во Кавадарци да оживее како ски зона. Макотрпна ќе биде цела работа за да постигниме една ски стаза пошто воопшто не е лесно, меѓутоа чекор по чекор

ќе ги водиме работиве, по донесувањето на оваа одлука доколку биде позитивна нели со вашето гласање. ЈП Јасмин треба да тендерира за сеча, одвоз и продажба на дрвната маса, меѓутоа тоа ќе се случи после завршувањето на тековните парламентарни и претседателски избори за да не влеземе во конфликт со Антикорупциска Комисија, односно да бидат завршени парламентарните и претседателските избори. По завршувањето на таа фаза и изготвувањето на проектот после ќе имаме чиста сума во делот на прегледноста што значи да ја доопремиме таа сала со котва, со опрема, со ратрак, со сите работи за да биде стаза која што ќе ни биде ставена технички во функција во интерес на граѓаните, а пред се да биде за нашите најмлади, од најмлади години на само 30 км да можат што се вика и бесплатно да рекреираат, да учат скијање, пошто мислам дека еден од популарните и благородни спортови како индивидуален спорт е скијањето. Значи предпозициите и условите по сите истражувања ги имаме, ова го работиме веќе 3 години да стигниме до оваа фаза и ако се биде во најдобара ред јас очекувам месец декември да биде пушање на таа ски стаза во употреба заедно со ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„. Очекуваната инвестиција морам да ја потенцирам и да ја кажам врз основа на физибилити студијата што ја имаме нема да биде помала од помеѓу 350 и 500 000 евра за комплетно опремување на самата стаза со ски котва, ратрак, санка, медицинска опрема неопходно за да почне да функционира цела стаза, така да не е занемарливо, меѓутоа мислам дека Општина Кавадарци може тоа да го сноси како трошок, а верувам и ќе има бенифит ЈП надвор од основците и средношколците кои што ќе доаѓаат да скијат и да рекреираат.Должина е 450 м. на стазата, ширина е 50 м. и во долниот дел е посложна, во горниот дел има пострмен дел така да ги исполнува комплетно условите за почетници и за скијачи кои се на некој начин рекреативно скијат. Многу битно е тоа што ја добивме Караулата во трајна сопственост и таа Караула, поранешна Караула може да биде во функција на самата стаза и во делот на кафетерија и во делот на ресторански дел и било како затоа што и сами знаете дека нашите граѓани доста го посетуваат и Кожуф и Витачево, поготово зимниот период кога има снег, а можам да кажам слободно повеќе од 60 до 70 дена и во вакви временски сезони кога немаме снег во градот, има снег токму на Кожуф, кај Караулата, така да мислам дека нивното исполнување во делот на тековното движење и рекреација ќе ја задржиме како концентрација и стазата ќе биде таа што итекако ќе ги привлече да дојдат и да

се рекреираат со нивните најмлади или обично со возрасни. Една споредба само Пониква, Кочанско има 3 вакви стази и на неделна основа петок, сабота, недела има повеќе од 7000 до 8000 посетители во делот на ски стазичка со котва. Ова ќе биде само една, како што во Пониква еве вака споредба да имаме визуелно или да може да споредиме со големина од најголемата стаза што е на Пониква од 450 м и котвата која што има ми се чине дека до 900 луѓе да превезе на саат на самата ротациона стаза, така да понатаму можеме тука да развиваме заедно со ЈП и многу други реквизити и спортови кои што ќе бидат соодветни и ќе се соодејствуваат со самата стаза како на пр. имат ски патеки за најмладите до 5 години, имаме лизгалиште кое што го стававме во Спортскиот Центар Јасмин, а сами знаете дека тука температурите се многу повисоки од таму и е неисплатливо, го пуштаме односно не може да добиеме лизгалиште, меѓутоа на самата локација кај што е стазата предвидена надморската висина е од 1350 до 1450 надморска висина каде што ќе имаме многу ниски температури и во текот на денот, меѓутоа и навечер и таму мислам над 60 дена ќе работе и тоа лизгалиште. Така да не гледам никаква недцоследност во делот на изготвувањето на ова стаза, беше дискутабилно и од Влада и од Министерство вика Секаде изградивме ски зони, не ова нема да биде ски зона ова ќе биде само една стаза за нашите сограѓани и оние кои што гравитираат околу Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

36. Предлог-Одлука за давање согласност на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за неплакање парична компензација за спроведување на постапката за изградба на ски патека и ски лифт со пропратни објекти;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

37. Предлог-Одлука за неусогласување на намената на бесправен објект со намената на земјиштето на кое е изграден истиот;

Точката ја ставам на гласање.Едногласно.

38. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2024 година;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

39. Предлог-Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина кавадарци за 2024 година;

Отварам претрес, никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.

40. Предлог-Одлука за распределбафинансиски средства по Јавниот повик за прибирање на предлог проекти по приоритетни области;

Едногласно.

41. Барање за отуѓување на ситен инвертар на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесена од Училишен одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

Едногласно.

42. Барање за сogланост за отуѓување на ствари од ЈОУ Локален Музеј галерија Кавадарци, донесено од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј галерија Кавадарци;

Едногласно.

43. Годишен План за вработување за 2025 година на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

Едногласно.

44. Годишен План за вработување за 2025 година на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа, донесен од директорот на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа;

Едногласно.

45. Барање за согласност за давање донација на огревни дрва, донесено од Училишен Одбор на ООУ„Димката а Габерот „ с.Ваташа;

Едногласно.

46. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година(РТК);

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

47. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;

Едногласно.

48. Предлог-Одлука за примање донација – Основни проекти за изградба на нова електрична нисконапонска инсталација од Друштво за проектирање, трговија и услуги "ИМПЕРА ПЛУС ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје;

Едногласно.

49. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра метални столбови за тротоар од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Едногласно.

50. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за производство на текстил и текстилни производи, трговија и услуги "КОМФИ-АНГЕЛ" увоз-извоз Прилеп ДОО;

Едногласно.

51. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра од Друштво за изведување на рударско градежни работи "МАШИНОКОП" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

Едногласно.

52. Наративен и финансиски Извештај по Програмата Св„Трифун 2024„ Недела на вино и традиција, со арх.бр.08-797/5 од 07.03.2024 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Едногласно.

53. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци ;

Точката ја ставам на гласање. 12 за. 3 против.

54. Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Акционерско друштво за производство и промет на вино "ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ" експорт-импорт АД – Кавадарци.

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

55. Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Друштво за производство, трговија и услуги ДИ-БОР БОШЕВИ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

Едногласно.

56. Годишна сметка за 2023 година, на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци донесено од Управен Одбор на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци.

Отварам претрес. Нема за збор. 1 против. 14 за.

57. Барање за добивање согласност за раходување,отуѓување на ситен инвентар и материјаи, донесено од Управен Одбор на Општински Училишен Дом „Крсте Петков Мисирков„ Кавадарци.

Ја ставам точката на гласање. 14 за . 1 против.

58. Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

Едногласно.

59. Предлог-Одлука за утврдување на изглед на фасади во централно градско подрачје;

Едногласно.

60. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2024 година.

Едногласно.

61. Предлог-Одлука за примање донација материјално добро од Друштво за производство, трговија и услуги “ФЕР МЕБЕЛ - ДИЗАЈН” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци

Последна точка од денешниот дневен ред. Едногласно. Ви благодарам за присуството на денешната 40-та седница на Советот на Општина Кавадарци.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов